СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јуни 1992 година

Скопје, јуни 1992 година

**ДИСКУТАНТИ**
**ОД ВТОРОТО ПРОДОЛЖЕНКЕ НА 42-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 24 ЈУНИ 1992 година**


1. АНДОВ СТОЈАН – 27, 131
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 5
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 10, 89
4. АЛИУ ЕШТРЕФ - 24
5. АБДИ ФАИК - 40, 117, 120
6. АРНАУДОВ ЛАМБЕ - 48
7. БОШКОВ ЈОРДАН - 48
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 39, 97, 115
9. ГОШЕВ ПЕТАР -16
10. ГОШЕВ ТУШЕ - 30, 32, 50, 121
11. ДИМОВСКА ДОСТА - 66, 69, 71, 72, 86
12. ДИМОВ ТОДОР -112
13. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР – 20, 87
14. ЗАФИРОВСКИ ГОРАН – 127
15. ИВАНОВ ИВАН – 12, 90
16. ЈОВАНОВ РИСТО – 4, 81
17. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 4, 83
18. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН – 30
19. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 96, 113
20. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 35
21. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 39
22. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 64
23. ЛИЧОСКИ ВЕЦКО – 33, 46
24. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 28 ,84
25. МЛАДЕНОВ ВАНЧО – 58, 92
26. МИНОВ ПАНЧО – 84, 122
27. ПЕТРОВ ТОДОР - 26, 38, 103, 111, 114
28. ПРЕВАЛА ШАБАН -101
29. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 100
30. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 78, 125
31. СТОЈАНОВСКИ НИКОЛА - 54
32. СТОЈАНОВСКА СЛАВЈАНКА - 2, 22
33. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 2, 15, 42, 73
34. САБРИУ ИЛИЈАЗ - 36, 59
35. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 43, 57, 93, 96
36. СПИРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 51
37. ТАИРИ ТАИР - 34
38. ТРПЕКОВСКИ ДИМИТАР - 116
39. ТАИРИ ЏЕЛАЛ - 47
40. ТОШЕВСКИ МЕТОДИЈА - 123
41. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМИР - 54
42. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 82
43. ХАЛИТИ АБУРАХМАН - 120


ПРОДОЛЖУВА

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Второто продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јуни 1992 година

Седницата продолжи во сала I во10,40 часот.

На седницата претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Душко Горчевски, Благој Тошев, Симеон Ивановски,Наум Сијмановски и Алил Џаферовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Да се вратиме на првата точка - Предлог на закон за дополнување на Законот за исплата на платите и други надоместоци и дивиденди во Републиката.

Ние имавме претрес, дојдовме до гласање. Меѓутоа, половично обавеното гласаше беше сопрено по интервенција на господинот Стојановски кој укажа на една деловничка недоследност што се случила во работата на комисиите, а не беше напишана во извештајот на комисиите и ние тоа не го знаевме. Таа недоследност е во следното:

На заедничката седница на комисиите, која деловнички е после расправата се обавило заедничко гласање. Според Деловникот гласањето треба да биде одделно, секоја комисија треба оддел но да гласа и резултатите од гласањето треба да бидат содржани генерални дали го прифаќа законот, не го прифаќа законот итн. Тие беа содржани во извештајот, но не беше дадена напомена дека гласањето било заедничко,

па не се знае исходот на гласањето во едната и во другата комисија. Ние се договоривме постапката во комисиите да се повтори.

Сега имаме извештај на Комисијата за труд и социјална политика, но да видиме дали таа постапка е изведена и во Комисијата за финансирање и буџет.

Има збор претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, бидејќи од таа комисија немаме извештај.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, бидејќи ставот на Комисијата за финансирање и буџет не беше изменет, денес пред почетокот на седни- дата повторно заседававме и еве го конкретниот став.

Од пет присутни членови на Комисијата, сите пет членови се против донесување на законот за платите и другите надоместоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега бидејќи е изведена постапката во двете комисии, го имате извештајот од едната комисија и информација од известителот за другата комисија, продолжуваме со расправа по законот.

За збор се јави пратеникот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овде го користам деловничкото право да се изјаснам по од- нос на еден допис од некоја општинска конференција, од Куманово, меѓутоа од штембилот не се гледа што е и кои се точно, од општинскиот сојуз на пензионери ли е, но се однесува на следното.

Голем број на пензионери и трудови инвалиди што по пат на телевизија ја следеле работата на седницата на Парламентот, жестоко протестираат на обидот на Владата на Република Македонија и на некои

пратеници да се донесе пропис за замрзнување на пензиите. Оние пензионери кои ја следеле наводно седницата на Парламентот се убедени дека со јавно гласање во Собранието на Република Македонија е одбиен предлогот на Владата на Република Македонија за замрзнување на пензиите. Поради тоа се смета дека е ирелевантен обидот на пратеникот Томислав Стојановски да ја деградира донесената одлука и дека нема потреба повторно да се расправа во Собранието на Република Македонија по една одлука која веќе е донесена.

Сакам да кажам дека ниту сум имал намера да деградирам некаква одлука, ниту сум учествувал во гласањето кога се вршело укажував на една незаконитост што се направила во постапката на двете комисии, Комисијата за финансирање и буџет и Комисијата за труд и социјална политика. Овие две комисии имале заедничка седница, што не е спротивно на Деловникот, меѓутоа, кога требале да одлучуваат со гласање со истите пратеници кои биле од двете комисии наеднаш гласале и со тоа е повредена одредбата во секоја комисија да гласаат своите членови одделно. Ова е моја интервенција, јас на тоа интервенирав овде пред Собранието, да не допуштиме да дојде до законски пропуст и да се спроведе пред Собранието.

Меѓутоа, сакам да го известам и Собранието и широкиот аудиториум, јас овие два дена ниту имам мир во Куманово и се прават некои групации да ми палат куќа, да ми се заканувaат со убиство и којзнае што, а на крајот вели девет илјади пензионери ќе превземаат некои постапки. Јас не знам што треба да биде, кои се тие ревности што го следеле Собранието овде да ги свикуваат пензионерите и да прават вакви непријатности. Сакам да укажам на оние кои таму седеле и гледале телевизија, нека гледаат и нека слушаат она што се одвива овде, а не тие што мислат дека било. Пак ќе повторам, дали овој закон ќе се донесе или не, допрва ова Собрание ќе

реши, откако ќе се отсранат формалните недостатоци, а никогаш за овој закон јас не сум гласал нити за ниту против него.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Како што рече господинот Стојановски, и јас со овој закон си имам проблеми. Затоа го молам министерот за труд и социјална политика, господинот Илјаз Сабриу да дојде на оваа говорница и да ја каже правата вистина, дали имаме пари или немаме. Пензионерите си го бараат своето, а министерот на Комисијата брани спротивен став, дека нема пари, дека ќе дојде до ова, дека има многу пензионери итн. Го молам министерот со неколку реченици да се искаже, тогаш пратениците ќе ја сфатат целата улога дали треба овој закон да се донесе или не. Инаку, во овој случај мене ако ме прашање толку се изменив, денес ќе гласам на страната на пензионерите.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, сакам да го поддржам ставот на двете матични комисии, Комисијата за буџет и финансирање и Комисијата за труд и социјална политика, кои се изјаснија во смисла на неприфаќање на овој закон.

Моето неприфаќање оди во прилог посебно на податоците кои беа изнесени од низа асоцијации, меѓу кои и фондот .кој што најстручно може да каже колку пензионери моментално во Републиката примаат минимални пензии, односно 45% се пензионери кои се на работ на својата егзистенција и примаат само 17 илјади денари. Точно е дека има и многу високи пензии, како што има ниски лични работнички доходи, па има и некаде од 500 илјади денари повисоки работнички плати. Меѓутоа моментот сега не е на барање на урамниловка и бранење на Антиинфлационата програма за сметка на пензионерите од проста причина што преку процесот на усогласувањето согласно член 30 од Законот за пензиско – инвалидско

осигурување на пензионерите им се скратени некаде 1,8 пензии, што е како последица на лошото усогласување кое настануваше за сметка на прием на пензијата на 1, па на 20, односно на 15-ти, така што овие луѓе уште во стартот се оштетени со две пензии. Јас мислам дека веројатно ќе има некои усогласувања понатаму доколку нема средства, во смисла на носење на посоодветен закон за пензиско и инвалидско осигурување. Меѓутоа, аргументот за бранење на Антинфлационата програма за сметка на пензионерите мислам дека не е вред од проста причина што Антиинфлационата програма е донесена многу порано, а Законот за пензиско и инвалидско осигурување, член 30 за усогласување редовно исто така е донесен пред Антиинфлационата програма, така што мислам дека ова пробивање кое би се направило е многу помало од пробивањето кое е направено во работните организации, кое изнесуваше 60% и за кое никој од Владата овде не стана да каже зошто и како е направено, бидејќи тоа пробивање е многу поголемо и многу подрастично за сметка на Антиинфлационата програма.

Според тоа, мислам дека Собранието треба да го прифати ставот на матичните комисии, во овој случај да се изјасни за неприфаќање на овој закон од проста причина што голем е бројот, кога оваа бројка би била помала можеби би држело мислењето на Владата дека треба да се прифати законот, меѓутоа, 45% да бидат луѓе на работ на својата егзистенција, односно работ на немаштија и сиромаштија мислам дека треба да оди во прилог на неприфаќањето на овој закон.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, на денешната седница на Собранието на Република Македонија од страна на македонската Влада, поточно од ресорното Министерство за труд и социјална политика е понуден на разгледување и негово усвојување

Предлогот за донесување по итна постапка на закон за дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката.

При проучувањето на предложениот закон и јас можев да се убедам дека се работи за закон чија содржина е сведена само во две одредби. Според обемот на одредбите кои се нудат во овој закон, може да се рече дека се работи за многу едноставен закон кој во себе има формално - правна смисла. Меѓутоа, ако подлабоко се проанализира истиот во себе содржи одредба која заслужува посебно внимание, бидејќи императивно со неговото донесување влијае на промената на системскиот закон за пензиско и инвалидско осигурување, во кој дел ги за- фаќа и правата на корисниците на пензија, без разлика за кој вид пензионери се работи и каков вид пензија користат. Имено, со овој закон практично се нуди замрзнување на пензиите на ниво март 1992 година, кое усогласување на пензиите е 62,3% извршено врз база на порастот на платите во март во однос на февруари 1992 година со примена од 1 април 1992 година. Тоа практично значи дека пензиите според официјално обавениот податок за порастот од 30,8% на просечните плати во април во однос на март 19 92 година во Република Македонија нема да се усогласат, се разбира согласно предложениот закон, а не согласно постојната регулатива.

Со ваквиот предлог и содржина на предложениот закон во суштина се запоставуваат две многу суштински околности кои во било кој случај не смеат да се запостават, а кои се интегрирани во системскиот закон за пензиско и инвалидско осигурување, а кои упатуваат

Прво, мислам дека предложениот закон предвидува пензиите во месец март 1992 година што со овој предлог не се почитуваат од носите што се од суштествено значење за спроведување на системот за пензиско и инвалидско осигурување во Републиката.

Второ, се нарушува целосно правната регулатива, поточно член 30 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување а во кој децидно е определено дека усогласувањето односно пензиите се усогласуваат од 1 јануари и 1 јуни во тековната година, односно секој месец доколку порастот на личните доходи е повисок од 5% во претходниот месец врз основа на статистичките податоци за движењето на номиналните лични доходи, односно платите на сите вработени на територијата на Република Македонија. Тоа значи пензиите во целина го следат движењето на просечните лични доходи, односно платите на сите вработени во Република Македонија.

Исто така, тоа значи дека овој предложен закон е во спротивност со Законот за пензиско и инвалидско осигурување и автомат- ски ги нарушува правања на корисниците со овој закон, а посебно што истото се коси и го повредува принципот на ретроактивност, што значи не смее да биде на штета на корисниците. Тоа го кажуваат посебно правниците.

Исто така, според мое убедување Владата нема никакво право да предложи ваков закон преку кој може да се стопира механизмот за усогласување на пензиите според системскиот закон.

Со усвојување на предложениот закон и неговото спроведување најдиректно се одразува на вкупната материјална состојба на пензионерите, посебно на оние 83.753 корисници или 45% од вкупно 185.753 кои користат пензија од 165 иљади до 177 иљади денари и тоа со зголемување од 62,3%, па дури и оние што користат пензија од 2.000 до 2.400 денари или кумулативно 65% односно 122.041 корисник на пензија прима просечна пензија до 24.000 денари. Се разбира, има и еден многу мал број односно 0,1 што во овој момент користат пензија во висина од 92.768 што е сосема занемарливо во однос на претходната бројка.

И да потсетам дека и со најновото тековно усогласување од 40,8% што со право им следува на пензионерите, најниските пензии а кои се грото од нив нема драстично да се зголемат. Само да илустрирам. Оние што користат пензија од 165.000 денари со зголемување од 40,8% би имале само 232 денари, со 17.000 денари 23.936 и со 177 илјади 24.921 денар, што значи сепак само едно зголемување, едно поголемо зголемување од 10 до 20 илјади денари повисоко од утврдената најниска цена на трудот но без општествена исхрана и минимален надоместок за годишен одмор.

Меѓутоа, останува прашањето, се разбира со оние иако малобројни но повисоки пензии. Можеби треба понатаму да се размислува за некое дегресивно усогласување. Меѓутоа, тоа мора да се чини со системскиот закон, посебно да се осмисли во новиот закон кој е во тек на негово доизградување.

Имајќи ги сите правни па и морални аспекти на овој закон,- сметав за потребно да кажам дека овој закон за мене е неприфатлив, а е неприфатлив и за Социјалистичка партија на Македонија.

На крај, според мое убедување ако е фундиран на повеќе информации што ги добив од голем број пратеници на официјални или неофицијални состаноци жртва на програмата за антиинфлациона политика се општествените дејности кои се зависни и мора дисциплинирано да се однесуваат според ресорните министерства, додека вработените во другите организации без разлика на нивниот материјален статус искористија зголемување од 40,8 и го укалкулираа во априлскиот личен доход.

На крајот почитувани пратеници сакам да ве известам дека и Комисијата за труд и социјална политика уште еднаш, односно по втор пат расправаше по предложениот закон при што во расправата учествуваа повеќе субјекти, а пред се носителите на законот преку господинот

министер за труд и социјална политика Илјаз Сабриу и неговиот помошник Деспот Буцевски, како и оние субјекти кои се третираат со овој закон преку асоцијацијата на пензионерите, како и претставникот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување преку в.д. директорот Киро Зрмановски. По една сеопфатна конструктивна и компетентна дискусија, Комисијата повторно застана на претходниот став што беше утврден на заедничката седница со Комисијата за финансирање и буџет и не го прифати предложениот Предлог на закон за дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Република Македонија. Аргументите за неговото неприфаќање се слични на оние кои ги искажав во моето претходно искажување, а образложението ви е дадено во извештајот кој ви е поделен на самата седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Митко Анастасовска.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги пратеници, и претставници на Владата на Македонија. Сега влегуваме во тој комплекс на закони за кои треба да внимаваме како ќе ги донесеме. Во сите парламенти во светот е присутна Владата. не присуствува само еден човек од Владата. Нашата Влада сигурно е презафатена. Во овој период од кога сме во овој парламент требаше да ги донесеме овие закони благовремено како и многу други закони требаше да ги реализираме. Но изгледа, според мене, нашата Влада е урочена. Урочена е нашата Влада затоа што многу ја фалиме дека е експертна . И тоа може да влијае. Е, сега чарето, не знам како треба да се најде. Не може еден човек од Владата да ги познава сите проблеми, иако е запознат со некои проблеми, тука барем треба да бидат ако не претседателот, тогаш потпретседателите и луѓето што се поврзани со системот и со социјалните проблеми и трудо во оваа држава.

Прашањето на пензионерите во овој момент е многу често. Во другите држави, понапредни, државите во Команвелтот и други развиени земји од запад тоа прашање оди паралелно со сите други прашања кои треба да се решаваат за животот на тие држави. Меѓутоа, ние одиме да го скинеме конецот каде што е најслаб. Лесно е да се кине конец каде што е најслаб. Тешко е да се скине конец каде што е најјак. Не се согласувам со Владата со законот што треба да се донесе за пензионерите. Вие сите добро знаете зашто не треба да се согласиме. Затоа што кај нас е една скала од 0 а завршува во облаци до 300 метри. Таква е категоризацијата на нашите пензионери. Велиме создаваме правна држава за да им помогнеме на луѓето од тие скали што се долу, да го најдат патот, не патот да го

најдат, патот го имаат најдено сигурно во животот, туку да можат да преживеат во ова општество и во оваа држава. Тие се како некои птици во едно седало, вака јас сакам да ви го објаснам тоа, каде што кукавицата го донела своето јајце и како кукавичето растело ги избуткало другите птички, другите врапци. Така останаа наште пензионери. Еве зашто- кога зборувам за скалата има луѓе што живеат само со минимална пензија од 8.000 до 11.000, а има пензионери коп живеат со високи пензии. Не може Владата може ако ја има таа моќ, но без нас ако решава да го донесе законот, да ги стави во ист кош сите пензионери и да ги рангира на ист ранг и да се даде на оној кој зема 8.000, 40% и да го замрзне тука, да го стави во фрижидер а овој другиов што зема 100 и повеќе илјади да земе 40% и него да го стави во еден фрижидер но тој не може да замрзне зошто тој е многу жежок.

Предлагам во овој парламент, а јас многу пати велам да не се смееме. Знаете ли зошто да не се смееме, затоа што народот не гледа. Тука никој од нас не сака и вчера реков, да си го подигне рејтингот. Утре, друг ден и вие ќе бидете во пензија и вие ќе ја осетите истата болка, а сигурно повеќето од вас младите имате дома татковци, мајки, пензионери со минимални пензии и вие знаете како тие тешко живеат, кога денес во такви услови треба да платат еден лек , малку се оддалечувам од темата, но гледам дека некои не обрнуваат внимание многу на излагањата а носиме закон за замрзнување. Каде да ги ставиме тие сиромасите? - во длабокиот фрижидер. Греота е! Тоа е многу жално. Предлагам пензионерите да се рангираат според нивните примања. Ако треба да биде стапката 30 или 40%, таа стапка ќе биде, според мене, на најниските пензионери да речеме ќе се даде стапка од 80%.

И скалата така ќе оди и кога ќе стигне до овие дебелите пензии, тука малку Владата, односно ние ќе размислиме дали да им дадеме 1% или 5%. нека ми простат пензионерите кои што ме слушаат на радиото и гледаат на екраните, но за мене само тоа е правилно и правилно ќе ме сфатат.

Тука нема никаква урамниловка. Ми се чини дека со тоа ќе се задоволат барем малку од малку економските потреби на нашите пензионери..Не може човек да мисли поинаку и не треба да мисли поинаку затоа што тие средства кои треба да се поделат Владата ги има во свои раце или ќе ги пронајде од некаде и ќе се дадат. Но, само така ако средствата се распределат правилно според категоризација. Не може да се замрзнуваат пензиите од 8 до 20 илјади динари. Тоа е уште еден грев спрема тие луѓе. Апсолутно е неприфатливо за мене тоа и ќе ве молам малку повеќе да се позанимаваме со прашањето на пензионерите и да го отфрлиме законот што го предлага Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Иван Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, за разлика од колегите пратеници од Куманово кои изразија бојазност од донесувањето на овој закон јас мислам дека ние пратениците најмалку треба да бидеме загришени и најмалку ќе не погоди овој закон. Меѓутоа суштината на законот погледната како од намерата на Владата така и од она што тој со себе ќе донесе на групата корисници на овие примања, мислам заслужува внимание и во тој контекст треба да биде гледано нашето произнесување.

Поаѓајќи од намерата на Владата во делот на барањето на политиката за антиифлацпоната програма, сигурно дека Владата има свои причини да го предложи овој закон.. Меѓутоа, на жалост во делот на партиципирањето на податоците што треба да бидат и пресудни за добивањето на сознанијата што со него ќе се добие поконкретно, а што тоа вака на поширок план ќе предизвика одредени импликации, јас барем за себе не можам да бидам уверен во она што се предлага во законот со самото образложение.

Од друга страна, јас сакам исто така конкретно да укажам, а што го застапував и како мислење уште при донесувањето на овој закон во пакетот на повеќе закони, дека административното регулираше на оваа проблематика не е најсреќното решение и дека тоа на подолгорочен план може да предизвика сериозни последици или нарушување на одредени состојби кои што со себе ќе имплицираат и нови проблеми и кои ќе ги доведат во прашање и решенијата кои се сака да се постигнат со ваквите административни решавања. Така во принцип не прифаќав административно регулирање на плати, на надоместоци и лични примања.

Во понудените решенија, повторно сакам да нагласам, се зафаќа една категорија која што во сегашниот многу сложен момент е најзагрозена категорија во граѓанството, односно категорија кај која примањата кој ќе бидат на некој начин ограничени во поглед на порастот на животните трошоци, на некој начин ќе ја влоши и така веќе сложената состојба.

Јас сакам да изнесам и некои лични сознанија со одделни информации со кои располагам во смисла на животниот стандард и како, да речеме, корисниците на пензија како категорија која треба да биде зафатена со овој закон во сегашниот момент ги почувствуваа сите оние

немаштпи што постојат сега. За пример ќе споменам дека поголем дел од .пензионерите немаат средства за нормално живеење, односно тие не се во состојба да ги подмират и основните потреби за нивно нормално живеење. Повеќето од нив се на работ на егзистенцијата. Од друга страна новините што доведоа со партиципацијата и новиот начин на сносувањето на трошоците за лекување, исто така, оваа категорија доста ги погоди. Само за пример да го земеме за некои карактеристични лекови што не се на позитивната листа, само за 2 лека не стигнува нивната пензија и тоа само за две рецепти. Имав прилика со повеќе такви граѓани да имам средби во последниве денови во кои што на ова посебно се укажува. Ако ваквите сознанија се непобитни, ако се има предвид дека таа категорија граѓани провела 30 и повеќе години работен век на извршување на своите работни задачи и помогнала за развој на оваа Репбулика, не знам дали треба решенијата во антиинфлационата политика треба да ги бараме во оваа категорија а уште повеќе ако не располагаме со конкретни квантифицирани податоци и сознанија. Од тие причини за мене ваквиот закон односно решенијата не се прифатливи и не можам да дадам потврда за прифаќањето на овој закон. Се залагам овој закон како таков да биде одбиен а да се излезе со нови решенија во кои ќе бидат изнајдени поадекватни квалитетни решенија кои во себе ќе ги донесат и овие намери што сака Владата да ги постигне.

Што се однесува поконкретно до денот на начинот на регулирањето на пензиите во поглед на овој закон кој што ги регулира и сите примања мислам дека треба да се премине на една поправична основа и во тој дел треба да се постапи со еден квантифициран и селективен пристап, сакајќи при тоа, да се постигнат и целите а и товарот кој ќе произлезе од ова да биде подеднакво распореден на сите корисници без разлика дали се тоа

дел од лични примања и пензии. Во тој дел, исто така, мислам дека треба да се има предвид резервата што постои во делот на буџетот, поготово оние средства и оној дел што се издвојува за потребите за финансирањето на Собранието на пратениците, на нашето работење со ваквите долги седници и се што е сообразено со трошковникот на Собранието. Исто така мислам дека во изнаоѓањето на резервите, и ако сум свесен дека во тој дел товарот треба да биде префрлен повторно на материјалната сфера, сепак, мислам дека со еден по селективен пристап може да се најдат додатни решенија со кои ваквата категорија на граѓани ќе биде изземена во сегашниот момент, како резултат на многу сложените состојби.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Иван Иванов од оваа говорница сега овде на две минути наназад изјави дека пратениците од Куманово се боеле и се плашеле да се донесе ваков закон. Јас не знам од каде му беше оваа констатација и кој тоа го кажал и што кажал и што имаше намера да каже, па ќе го молам да се врати и да објасни што мислел и кој тоа бил. Инаку јас лично имам, од вакви неконтролирани изјави си имам лични непријатности и сакам ова, овде да се расчисти. Сакам тоа да се објасни затоа што беше неодреден пратеникот Иван Иванов зашто рече пратеници од Куманово и нека каже на кого мислел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да си седите на местото. Вие можете да се искажете што мислите за некој пратеникот што рекол, а пратеникот одговара ако само мисли дека треба да одговори, а не вие да го задолжувате. Јас не можам да го повикам пратеникот додека тој не се јави сам. Јас не можам да го повикам, ве молам а јас никого да повикам, само ако тој се јави и ако така мисли.

Има збор господинот Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Расправата по оваа точка заврши во четвртокот, на почетокот на оваа седница поради тоа што ние гласавме и на гласањето овој закон беше одбиен. Потоа имавме интервенција со барање да се гласа поединечно, беа изброени од страна на претседателот на Собранието 7 гласови. Според тоа, тоа не помина и потоа не знам некако беше загатнато дека можеби ќе треба да раправаме, еве во продолжението на седницата. Според тоа мислам дека прво тоа треба да го почитуваме и навистина нема многу аргументи да се продолжува особено ако се почитува тоа што на Парламентот се изгласа. Ако се имала предвид денеска ова изјаснување досега, како и искажувањата на оние што минатиот пат или некои од тие што минатиот пат беа за овој закон, тогаш исходот е сосема јасен по тој закон и не знам зошто ни е потребно толку време повторно да расправаме во врска со нешто што е сосема јасно и уште со гласањето во четвртокот, а да не зборувам денеска на ова продолжение на седницата. Не знам дали е добро прво тоа да го утврдиме господине претседателе за да поминеме на други точки од дневниот ред. Ако сепак има расправа и почне расправа, аргументи има без број зошто не може да се прифати овој закон. Само таксативно да ги набројам без голема елаборација кога веќе сум на говорница и за кој некои повторно кажаа во врска со овој закон. Според мое лично мислење уште еднаш да повторам без потреба да се продолжува расправата од четвртокот.

Прво, утврдениот механизам на усогласување јасно покажува дека не треба да се носи ваков закон, бидејќи личните доходи се усогласуваат и тоа со 2 месеца задоцнување пензиите со платите. Ако личните доходи се замрзнати, а постои закон за замрзнување на личните доходи, тогаш автоматски се замрзнати и пензиите.

**ПЕТАР ГОШЕВ**: (продолжение)

Важи и обратното, се разбира, ако личните доходи не се замрзнати, тогаш и пензиите не се замрзнати. Ако некој не го почитува законот за платите и го пробива нивното зголемување, а надлежните органи тоа го толерираат, тогаш зошто тој закон важи за едни не треба да важи и за други. Прашањето е сосема логично.

Второ, усогласувањето се врши, како што реков, со задоцнување од два месеци во услови на месечна инфлација од над 70%. Сите знаеме маса од средства од 100 илјади кога ќе ја примиме со задоцнување од два месеци, колку е таа обезвреднета во услови на два пати по 70 месечна инфлација. Дали тоа треба да го платат пензионерите.

Трето, заостанувањето на пензиите зад просечната плата односно просечната пензија имавме два податока кои се соопштуваа едниот беше од страна на предлагачот дека просечната пензија изнесува 87% од просечната плата и имаме информација од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување дека просечната пензија за- останува за 38% од просечната плата. Тоа е огромна разлика, а имаме објаснување зошто е тоа така во Информацијата што ја добивме од Фондот, податоците мора да бидат точни, тоа е многу важно за нашето правилно одлучување.

Четврто, ако се постапи на овој начин како што предлага предлагачот, заостанувањето на пензиите и нивното реално обезвреднување ќе биде неподносливо големо за пензиите затоа што без пензискиот додаток гледаме просечна пензија од 21 до 22 илјади денари, ако не сум погрешил.

Да се зголемат пратите за 62% со сите оние притисоци во месецот кога ја донесувавме Антиинфлационата програма, да се толерира нивно поголемо зголемување од дозволеното во Законот, бидејќи не требаше во просек да биде поголемо од 30, да изнесува 40 и над 40% сето тоа да се изврши за стопанството, а да се сопре усогласувањето на пензиите за 40% што им следува по постојниот системски закон, тоа значи пензиите не да бидат обезвреднети аз 40% туку за месечното заостанување затоа што поназад се усогласуваат и за целокупната инфлација која изнесува за тој месец или за двата месеци. Според тоа, ако платите во месецот во кој ќе се зголемат за 40% се обезвреднат за 30 или 20% пензиите ќе се обезвреднат за уште додатни 40 што не би ги зеле пензионерите, па се поставува прашање зошто пензиите да го платата тој цех а не другите

Аргументот на Владата е за донесување на ваков закон да се одбрани Антиинфлационата програма. Ние се согласуваме да се одбрани, меѓутоа, оваа програма има четири сидра на кои почива нејзината одбрана. Едното е емисијата на пари, другото се платите третото е јавната потрошувачка и четвртото е девизниот курс. Нека одговори Владата како ги одбрани овие три сидра, како се бранат во овој момент па да видиме дали сидрото -плати односно сидрото пензии во дадениот момент е тоа што треба да ја одбрани инфлацијата и да ја спроведеме Антиинфлационата програма. Ни случајно не може да се одбрани Антиинфлационата програма ако сите овие три сидра се пробиваат. А ако ги одбраниме овие три сидра во согласност со квантификациите од Антииинфлационата програма, тогаш автоматски е одбрането ова што се случува на секторот на пензиите. Ако некој говори дека има високи пензии, а тие високи пензии се однесуваат на 200, 300 случаеви во однос на 180-те илјади  пензионери, тогаш да го поставиме на

дневен ред тоа прашање за тие 200 пензионери. Ако некој уште мисли дека разликата помеѓу просечната пензија и просечната плата е мала, да го отвориме тоа прашање и да расправаме, но на овој начин тоа прашање не се отвора и вака поставување на дневен ред на едно прашање е сосема погрешно, тие јавни пензионери во ситуацијата во која се наоѓаат не се виновни што треба да го платат сето ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави госпоѓица Доста Димовска, но дури да дојде на говорница не треба да се навраќаме и самиот господин Гошев го прифати објаснувањето што го даде господинот Стојановски и јас што се однесува до деловничкиот проблем.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, исто како и претходниот пратеник Петар Гошев ценам дека нема потреба од повторна расправа за овој закон, бидејќи водевме расправа и гласавме па од тие причини нема да учествувам во расправата, туку ќе го исползувам своето деловничко право да објаснам зошто ќе гласам против овој закон.

Како пратеник на граѓаните од изборната единица од населбата "11 октомври" од Скопје во која има голем број пензионери нема да гласам за овој закон ќе гласам против, бидејќи со овој закон ќе бидат најдиректно погодени луѓе кои припаѓаат на слој на граѓани кои се во поодминати години и кои за разлика од останатите граѓани не можат да си обезбедат дополнителни приходи во услови на инфлација и постојан пораст на цените овој слој е се позагрозен. Изгласувањето ан овој закон тешко би ги погодил токму оваа категорија на граѓани и како пратеник не би сакала да ја

поддржам стабилноста на Владата преку стабилниот буџет на сметка на изнемоштени и изгладнети стари луѓе. Владата е должна да изнајде средства како и за повеќето намени, би прифатила замрзнување на пензии само на слој на луѓе од типот на Лазар Колишевски, Крсте Црвенковски итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Петар Горгиев

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници

Јас ќе бидам сосема краток, сметам дека сами придонесовме да отвориме расправа, а штом се отвори расправа сигурно треба да добијат право сите што се пријавија за расправата да учествуваат во неа.

Со мерките за спроведување на Антиинфлационата програма беше донесен закон за исплата на платите и другите надоместоци јас би го рекол тоа е Закон за ограничување на потрошувачката само на вработените и тоа на мартовско ниво. Ние знаеме, а тоа пратеникот Петар Гошев укажа дека пензиите се усогласуваат со порастот на личните доходи и тоа со учество во бруто личниот доход од 18,5%. Доколку е така сметам дека Фондот кој располага со тие средства во рамките на законските прописи и своите овластувања, треба да го има тоа право да ги утврди пензиите на нивото на кое се остварени и спрема придонесот кој е наплатен од исплатените лични доходи.

Сознанијата дадени во образложението на остварувањето на поголеми износи е, пред се, резултат на одредени отстапувања што беа

направени со самата примена на законот и тоа во делот на онаа одредба што се измени во Парламентот во делот на примената на законот не со 15 април, туку 25 април со тоа што сигурно имаше доста дилеми околу тоа дали одредени лични доходи исплатени во вид на бонови бидат признаени како лични доходи и доколку тоа се оствари тоа се направи и Комисијата за стопанство посебно го поддржа, сметаме дека дојде до зголемување на делот на средствата што се остварени во Фондот за пензиско осигурување. Тоа право останува како право на фондот и сметаме дека со интервенцијата што беше направена со Законот се создаде една дополнителна тензија која еве овие денови е искажана преку одредени обраќања од сите општини во делот на тоа дали сме за пензионерите или против и дали сме да се ограничат пензиите.

Реформските сили - либерална партија посебно пратеничката група имаше состанок по ова прашање и сметаме дека не би требало да се ускрати правото на Фондот да ги утврди пензиите во рамките на законските прописи и затоа сметаме дека овој закон не би требало да се донесе.

Од ова што го имавме досега сметам дека и Владата по сите овие обраќања и сама ќе има слух да го повлече и понатаму да не се изјаснуваме аз овој закон затоа што сигурно со тоа ќе се даде посебен придонес да не се зголемуваат пензиите за една јасно утврдена материја и за едно јасно утврдено право.

Лично сметам дека во рамките на Фондот треба да се направи нешто друго. Уште еднаш да се направи ревизија во делот на распоните. Колку ми е познато во светот не постојат такви распони како што постојат во Фондот кај нас односно во делот на пензиите во Република Македонија. Пензија еден спрема 10 мислам дека не е можно да има, туку во секој случај и

идното утврдување на основицата и стапката треба да зависи од тоа пензиите да бидат сепак во еден сооднос 1:3, 1:3,5. Ова не е материја што денеска треба да ја донесеме, но во секој случај во јавноста е присутна и реакциите одат во тој правец

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Славјанка Стојанова

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА**

Почитувани пратеници, најпрвин би сакала да кажам неколку збора во врска со несогласувањето на насловот и текстот на Законот. Имено, во насловот стои - Предлог за донесување по итна постапка на Законот за дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката, со Предлог на закон. Никаде не стои дека овој закон е и за пензиите Платите знаеме што се, другите надоместоци се општествената исхрана, К-15, јубилејни награди и сл. Значи, уште од насловот работата во Законот, спрема мене, не е во ред

Понатаму, мислам дека ние денеска требаше да расправаме околу тоа дали пробивањето што е направено наличните доходи во стопанството за 40,8 е во ред, дали оние што требало да го спроведат законот правилно постапиле, дали личните доходи во стопанството требало да се зголемат за 40,8% откако е донесен Законот за замрзнување на платите и дали Владата требала да преземе одредени мерки за стопирање на едно вакво зголемување кое не е во согласност со Законот. Тоа треба да биде расправата, а не да расправаме за замрзнување на пензиите на пензионерите во Република Македонија.

Мислам дека не смее да се преломи целокупниот товар за зачувување на Антиинфлационата програма врз грбот на пензионерите и поради тоа сум против овој закон онака како што е предложен и мислам дека дозволеното пробивање на Законот не смее да се одрази на пензионерите, бидејќи тие имаат право на зголемување на пензиите за 40,8% сигурно во висината на стапката која се обезбедува на ниво на личните доходи од стопанството и општествените дејности.

Исто така сакам да отворам и еден друг проблем кога се работи околу овој закон. Ако констатиравме дека личните доходи во стопанството во мај во споредба со април се зголемени за тој процент произлегува дека Законот за платите само ќе се спроведува или се спроведува во месец мај само во општествените дејности, здравството, во образованието и во државните органи.

Инаку, токму за овој проблем кога Комисијата за финансирање и буџет го гледаше овој закон на 26 април 1992 година истакна едно мислење кое Владата не го зеде предвид дека исплатите на личните доходи и во општествените дејности понатаму не треба да бидат целосно замрзнати како што се предлагаше во овој закон поради тоа што во повеќе примери на спроведување на Антииинфлационата програма и донесување на вакви закони за замрзнување на платите се одредуваше одреден процент од порастот на платите во стопанството со кој требаше да растат платите во општествените дејности. Владата беше категорична дека овој закон доследно ќе се спроведува и во стопанството и во општествените дејности и дека нема потреба од една мерка за која во Комисијата имаше одредени залагања.

На крајот сигурно сакам да кажам дека ќе бидам против овој закон затоа што не сум убедена дека во овој момент еден ваков закон треба да се донесе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Ешреф Алиу:

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, На почетокот изјавувам дека се откажувам од дискусијата. Излегов да подвлечам две-три принципиелни работи. Се откажувам заради потребата и личното задоволство дека во оваа точка сите пратеници на еден начин сме во ист строј. Се добива впечаток дека овој предлог нема да се прифати. Па, заради тоа чувствувам за потребно и заради самиот факт дека мислев веќе со расправата требаше да завршиме откако добивме извештај на двете комисии. Можевме нешто.. ново или вредно да кажеме по повод ставот и заклучоците на комисиите, меѓутоа, до тоа скоро никој не се држи по малку продолжуваме во онаа атмосфера малку маркетиншка, но по овој повод тоа е во границите на оправданото.

Сакам да кажам дека нашата пратеничка група разговаравме за овој проблем и вчера и денеска и сметаме дека не треба да се прифати овој предлог-закон од проста причина иако сме свесни и ја цениме намерата на Владата., Од проста причина затоа што мислиме дека нема високи или големи пензии апсолутно, туку има пензии со кои може месецот да се помине. Има пензии со кои проблематично се поминува месецот, има пензии,за жал, огромен број со кој никако не може да се помине месецот. Затоа, во моите размислувања во дискусијата имав намера или амбиции да

дадам некои предлози до Владата за да се најдат други начини и форми без друго и сите ние заедно на оваа трета групација пензионери на кои им е тешко да фатат крај со крај и претешко, што побргу да се преземе конкретен чекор да се подобри нивната социјална егзистенција да можат малку послободно да здивнат иако сме свесни дека на сите ни е доста тешко, а најтешко и е на Владата, бидејќи еве нема ништо.

Втора работа, не е демагошки но овој предлог е антидемократски, бидејќи се коси со принципите на демократијата, ние без друго треба да водиме сметка во Парламентот и да бидеме против таквите предлози. Тоа во начело мора така да биде. Ценам и апсолутно не и ласкам на Владата иако сум подвлекол дека, по мене, тоа било неопходно потребно да биде поекспертна уште на почетокот кога и дадовме доверба, тоа не ми пречи, јас имам доверба и Владата може да најде начин уште на наредната седница да предложи заштитни мерки за најзагрозената категорија на група пензионери со минимални лични примања

На крајот за мене сите пензионери без оглед што некој некого го етикетира се заслужни граѓани

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Жалам, но и му преговарам на претседателот што не ми дозволи согласно член 105 став 2 од Деловникот да укажам на повредата на истиот, зашто имам право веднаш штом побарам збор, да ми даде збор, јас или било кој друг. Добра прилика за придобивање на избирачко тело од 180.000 лица независно дали има или не основа за донесување на овој закон. Меѓутоа, сакам да го кажам следното, а тоа сакав да го кажам и пред половина час кога почна расправата.

Повторно за овој закон нема да гласам освен во постапката пропишана со Деловникот, а воедно во материјална расправа не учествувам. Оваа расправа сега нема ни смисла ни деловничка основа. А еве зошто! Претресот заврши, бидејќи претседателот го заклучи на 18 јуни. Гласањето заврши и ние не сме го поништиле тој резултат од гласањето. Повторувањето на гласањето по мене е несериозност и"го урива дигнитетот на овој Парламент. Тоа што некој си спиел на лево или на десно уво кога беше гласањето, тоа е негов личен проблем. И сега си излегуваме со аргументи што за мене не се аргументи. Комисиите не гласале одвоено итн. Тоа можеше ако некој го констатирал да го каже пред да се заклучи претресот на 18 јуни , кога и заврши гласањето. Па и да било така, секој гласа со свои раце и треба да мисли со своја глава и не мора да го прифати мислењето на комисиите, макар и да било против деловнички. Тоа е во врска со Деловникот.

Меѓутоа, бидејќи во комисиите имаше расправа за тоа дека се предизвикани одделни диспаритети во поглед на пензионирањето помеѓу платите и пензиите, би сакал само како работен заклучок да го предложам следното:

Се задолжува Владата да ги преземе потребните мерки и да му предложи на Собранието соодветни акти со кои ќе се отстрани диспаритетот во порастот на пензиите и платите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам да се дообјасниме. Точно е се што и господин Гошев и господин Петров рекоа дека ние го заклучивме претресот и гласавме. Меѓутоа, во ист момент бараше збор господинот Томислав Стојановски и тој укажа дека за она што се гласаше, кога гласаа пратениците немаа информација дека е направена една деловничка недоследност, неисправност, дека гласале комисиите заедно и ние овде гласавме не знаејќи дека е нарушен деловникот, односно неговата постапка. Според тоа укажувањето на господинот Стојановски, го сметав и вие така го уваживте и така го сфативте како добронамерна интервенција да не лиферуваме закони кои понатаму може да бидат ранливи ако некој ги нападне. Заради тоа ние треба да настојуваме овде да донесуваме закони кои се до крај во согласност со Деловникот. Затоа овде ние и заедно констатиравме дека мораме комисиите да ги замолиме уште еднаш секоја одвоено да гласа. Затоа денес и имаме извештаи од двете комисии бидејќи одвоено гласале. Според тоа денес , дури денес до крај се исполнети условите деловнички и ние кога ги имаме извештаите на комисиите не можеме да не отвориме претрес по извештаите на комисиите. Ние сега по тоа отвораме претрес и луѓето се искажуваат. Немам право на никој да му кажам да мисли како мене дека не е потребна натаму расправа. Ве молам, секој од вас што интервениравте од аспект на Деловникот очигледно треба да го имате и овој факт во вид, но вие деловнички имавте право да предложите, заради тоа што веќе Собранието ако мислите така има јасен став да престане расправата, прекин на имате право да предложите. Тоа никој не го

предложи. Се разбира јас немам посебна потреба сам тоа да го предложам. Затоа мене ми останува ништо друго, туку да ја водам натаму седницата и луѓето да се искажат така како што се јавија. На ред после господинот Петров, е господинот Трајан Мицевски.

Дали се откажувате господине Мицевски?

(реагирање на пратениците од место за прекинување на расправата).

Јас немам предлог, кој сака нека предложи. За тоа имате интервентно право веднаш.

Има збор господинот Трајан Мицевски.

Текот мора да биде неспорен, во тоа е работата.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство и почитувани пратеници,

Јас ќе се откажев од дискусијата и немаше да дискутирам, но секој излегува овде, јас ќе се откажам и продолжува да зборува понатаму. Ако се откажува се откажува, а не да излегува овде да чита реферати овде. Ако се откажува се откажува, а не да излегува овде и да чита реферати, а јас што ќе ја кажам вистината со три збора ќе треба да се откажам од тоа. И јас ќе спремам дома реферат и ќе ве мачам овде, ќе читам. Ако не можам јас да го напишам, има луѓе ќе го напишат и ќе дојдам и ќе читам овде. Не сакам да се дискутира, но да предложам, да предложам и половина час овде се дискутира. Отсега јас кога велев дека претседателот има право што укажува на ваквите работи, само подеднакво да ги укажува без разлика од која партија припаѓа пратеникот.

За мене дали ќе го донесеме овој закон или не ќе го донесеме ниската категорија ја осакатуваме. Дали ќе му зголемиме ние на тој со 16 со 40 насто, а на оној со 90 и со 100, 40 насто за мене тоа не е сфатлив поим. Тука е работата што треба да се стори. Некој ќе стане и ќе рече дека го намалуваме, обезвреднуваме трудот што поединците го дале. Затоа што со тоа што ќе му се зголеми сега ќе можел да купи еден кревет, а сега не може, а дали овој што ќе му остане со сите примања ќе може да го купи тоа што му треба. По мое му, јас сакав да поднесам амандман, Стручната служба дека не држи место, не е исправно тоа што јас сакав да предложам. Замрзнувањето не да биде така, туку и зголемувањето од сега да биде до 40 илјади денари да се исплатува, да не е замрзнувано и тоа од 16 до 20, 40 посто, а од 20 до 40, 20 посто, така да приближно како што рече еден колега дека не може да сфати разлика пензија 10 према 1. И за него се истите тие предмети за купување и за другите се истите. И јас пензионер сметам дека треба да ги штитиме, меѓутоа, со овој закон дали ќе го донесеме или нема да го донесеме, ги штитиме врвните пензионери, а оние што со труд во работилницата, во фабриката, со мали. лични примања ќе ги осакатиме и понатаму ќе бидат осакатени. Затоа мојот предлог е да се донесе работен заклучок на Собранието и да му се предложи на Собранието во иднина да се донесе измена на законот и еднаш да прекратиме со ваквите работи насто, насто и одиме во раскорак со таа пензија, па дури и со платите.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Навистина ќе бидам краток, меѓутоа, да не ја злоупотребувам говорницата. Најмалку од оваа говорница може да се види и од стенографските белешки на седниците барем 5 до 7 пати имам ургирано за методологијата во Фондот за пензиско - инвалидско осигурување да се промени. Тоа нешто ми го вети господинот Киро Зрмановски, своевремено, меѓутоа со бивша Југославија вака ќе се усогласиме, така ќе се усогласиме, на жалост нашиот глас овде изгледа е глас во пустина и кучињата си лаат караванот си врви. Така доаѓа бидејќи доста пати е обеќано, а ништо не е сторено, за мене е неприфатливо да одредена категорија на пензионери кои што имаат над 90 иљади денари, односно директни учесници се во распродажбата на Манастирот Прохор Пчински, и понатаму им се зголемува со 40 насто пензиското примање, не држи место. Предлагам до 50 иљади денари како работен заклучок да дојде да им се зголеми пензиското примање, а нагоре да остане статус кво односно засега да мирува.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, мериторно беше доста расправа законот и беа кажани доста аргументи во врска со материјалниот поим на законот. Јас заради ранливоста на самите закони и на самиот факт дека Уставниот суд почесто се занимава со нашите закони, спазувајќи ја уставноста и законитоста и ценејќи го законот од неговиот формален поим и неговиот материјално - содржински поим, ако го погледате самиот закон веќе беа кажани некои наводи. Госпоѓата Славјанка Стојанова кажа некои, името не одговара на материјалната содржина на текстот што стои и господинот Бранко кажа некои свои видувања но до крај не беа образложени.

Ако вие го погледате самиот поим на законот, формалниот поим постапката на неговото донесување и фактички почитувањето на одреденоста во хоризонтална и вертикална хиерархиска координираност штитејќи ја уставноста и законитоста на самиот закон што се предлага сметам дека во формалниот поим овој закон не ги почитува уставноста и законитоста и тоа од следните причини.

Ако го прифатиме Законот таков каков што се нуди во членот 9-а, ние фактички правиме правна колизија на членот 30 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Ако го погледате самиот закон во членот 1 што се уредува материјата и вели со овој закон се уредува и исплатата на нето платите и другите надоместоци на правните лица со седиште во Република Македонија и ако го погледате членот 9-а - исплатата на пензиите ја регулира, фактички членот 30 ја регулира истата материја.

Но, ако го погледате членот 12 на овој закон во кој се вели дека со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за исплата на личните доходи и другите лични примања, фактички овој закон прави правна коалиција и остануваат два позитивни законски прописи, членот 30 и членот 9-а на подруг и различен начин да ја уредуваат материјата.

Сметам дека ако го почитуваме формалниот поим на законот и почитувањето на хоризонталната подреденост на самите закони , овој согласно членот 51 став 2 од Уставот на Република Македонија, каде се кажува дека секој е должен да ги почитува Уставот и законите, па и ова Собрание е должно да ги почитува Уставот и законите, без измена и дополнување на позитивниот законски пропис, а тоа е членот 30 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, без да го дерогира и адрогира

фактички стои на правна сила, а донесувам друг ист пропис кој фактички сака и има тежнение да ја регулира истата материја. Тргнувајќи од римското правило "лекс постерион дерокапиори" дека раниот закон или новиот закон го укинува стариот закон, а ние во овој случај немаме ниту нов ниту стар закон, правиме само една правна коалиција и едно разорување на правниот систем на Република Македонија.

Од овие соображенија сметам дека непочитувајќи формалниот поим на самиот закон, предлагам да не го уважи предложениот закон. Бидејќи расправата беше доста опширна и со доста аргументи, предлагам на Собранието да се заврши расправата и предлогот да се стави на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

.... Господинот Туше Гошев , предлага да прекинеме натаму со расправа.

(реагирање на пратениците од место)

Дали е потребно да го ислушаме и ставот на Владата?

(може).

Нивни е предлогот, мораме да го ислушаме. (реагирање на пратениците од место) Инаку господинот Фаик Абди е на ред сега.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас користејќи го деловничкото право предложив да се прекине расправата и барам Парламентот да се произнесе во врска со мојот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве веднаш бараат збор во врска со тој предлог.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Господо пратеници, во стенографските белешки од последната седница кога се расправаше за овој закон постои следната работа.

Господинот претседател на предлогот рече: "Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот . Предлогот на комисиите го става, на двете комисии што одлучуваат дали треба да се донесе ваков закон што треба да е даден, тие сметаат дека не треба да се донесе, не го прифаќаат, го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? 43 гласа гласале 11 за", кој е против? 22...."

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, нема потреба да го читате стенограмот. Има предлог на Туше Гошев за тоа да дискутираме. Дали сте за прекин на расправата.

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Не сум.

Предлагам да се прекине со работа, а да продолжи во вторник во 10,00 часот. Значи вие како претседател предлагате рас- правата да продолжи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, го разјаснивме тоа. Дали вие ....

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Сметам дека за тоа треба да се расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се расправа?

**ВЕЦКО ЛИЧОСКИ:**

Да.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Личоски, не се согласува со предлогот на Туше Гошев. Има збор, господинот Таири , во врска со предлогот.

(реагирање на пратеници од место на гласаше да се даде).

На гласање ќе го дадам, но морам да отворам расправа по секој предлог. Морам да отворам расправа, тоа е право на секој од вас. Не смеам да ве лишам од тоа право. Немам законска основа за таа работа.

**ТАИР ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе се согласам со предлогот на господин Гошев, меѓутоа под еден услов, тој да не излегуваше. Инаку, јас од преска истото мислење го имав, меѓутоа, секој што излегува, излегува и на крајот предлага. Затоа јас не се согласувам со тој предлог и мислам дека претседателот би требало да каже уште колку дискутанти се на ред и со тоа да продолжи расправата. Ако сум на ред за расправа да продолжам, ако не да добијам збор кога ќе ми дојде редот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не сте на ред, а имаме уште 7-мина дискутанти.

Господинот Котевски бара збор во врска со предлогот на Туше Гошев.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дама и господа,

Навистина го изгубивме чувството за работа во овој Парламент. Сакам само да се вратиме на неколку седници наназад. Ќе ви кажам зошто, само сослушајте ме, имајте трпение. До сега трпевте толку уште мене можете да ме истрпите.

Сфатете една работа, изгледаме како несериозни луѓе. Минатите седници одложивме клучни закони, системски закони, за оваа држава, Република Македонија...

**СТОЈА АНДОВ:**

Дали сте за прекин на расправата ве молам?

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Ако сакате во врска со тоа ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само тоа кажете вие.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Во врска со тоа, ние одложивме клучни закони да решаваме, а со ова продолжување на расправата и со неколку нови седници фактички одиме во прилог на недонесување на тие суштински закони што веќе ги одложивме.

Затоа сметам дека предлогот на Туше Гошев беше во ред. Се е јасно, нема повеќе што да дискутираме и отвораме материјална расправа, веднаш да одиме на гласање и побрзо да го завршиме овој дневен ред бидејќи не чекаат други посуштествени закони.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот министер Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Мислам дека и на седница од 18 и денеска доста се распра- ваше за овој предлог на Владата. Потенцирам овде предлог на Владата затоа што овде беше кажано дека е тоа од Министерството, бидејќи во Парламентот сите документи доаѓаат од Владата, колку мене ми е познато...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште разговараме за тоа дали да се прекине расправата.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Ако само за тоа треба да кажам, во името на Владата ост нуваме на нашиот предлог, а работа е на Собранието како ќе гласа. Ние не сме подготвени да го повлечеме Законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можете да образложите зошто не го повлекувате.

**ИЛИЈАЗ САБРИУ:**

Не го повлекуваме од следниве причини:

Цениме дека овој Закон и те како треба да биде донесен, бидејќи не носењето на овој закон би било спротивно, е во директна спротивност со антиинфлационата програма која беше доста добро елаборирана од господинот Гошев дека е едно од сидрата на таа антиинфлациона програма беше и сидрото на платите.

Бидејќи Владата ги следи состојбите со платите и со сите други елементи на антиинфлационата програма, цениме дека, доколку не се донесе овој Закон и овие ефекти што ќе се предизвикаат со псплата на пензиите од 40,1% за овие пензионери ќе бидат во директна спротивност со Антиинфлационата програма некаде за 3 милијарди нови денари. Ние веќе во Парламентот ја утврдивме рамката на Антиинфлационата програма и за овој сектор.

Второ, Антиинфлационата програма тврдиме дека не е точно дека овој Закон за платите не се спроведува' од страна на тие што треба да го спроведуваат од следниве причини, бидејќи Законот што беше предложен на самиот Парламент во вкупниот пакет се предлагаше критичен ден да биде 15 април. Во Парламентот предлогот на Владата не се прифати и датумот се помести за 25 април. Со измената на член 4 некои гранки од областа на нестопанството се префрлија во стопанството и уште во стартот се создаде пребивање на Антиинфлационата програма.

Доколку сега вакви интервентни мерки не би презеле, цениме дека уште повеќе елементите што ја рушат Антиинфлационата програма ќе имаат катастрофални последици.

Трето, мислиме дека следејќи ги состојбите со платите во Република Македонија, точно дека Владата не го предлага овој Закон поради високите пензии. Барем јас можам така да заклучам, од дискусијата испаѓа дека имаме високи пензии и треба сега да Ги замрзнуваме па луѓето да не моажат да живеат со тие нивни пензии. Свесни сме дека имаме и те како ниски пензии. Но, исто така сме свесни дека имаме и ниски плати во република Македонија.

Најниската цена на трудот во оваа Република Парламентот ја утврди на 21.138 денари. Според тоа, ако еден работник може и како може да живее со овие средства, така што немаме некој подобар стандард на вработените и на другото население во Републикава, па затоа одиме сега на оваа категорија, само таа категорија да го носи целиот товар на Антиинфлационата програма.

Според тоа, мислам дека и според п од некои многу други елементи за кои немам можност сега да ги елаборирам, доколку ми се даде можност ќе дадам одговор на сите прашања што беа тука покренати ќе дадам и контрааргументи, јас сум подготвен тоа да го направам, но во името на Владата овластен ум да не го повлекувам Законот, а Парламентот ќе гласа онака како што цени дека треба да гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборуваме за тоа околу Предлогот на пратеникот Туше Гошев.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

За мене немаше смисла воопшто расправата што се отвори. Меѓутоа, предлогот на пратеникот Туше Гошев не е деловнички. Во член 117 се вели "На седница се претресува секое прашање што е ставено на дневен ред пред да се одлучи по него, освен ако со овој Деловник не е определено да се одлучува без претрес".

Во член 18 пишува "Претрес по определено прашање трае и се води се додека по него има пријавено пратеници за збор. Претседателот го заклучува претресот кога ќе утврди дека повеќе нема пријавено пратеници за збор. Претресот може да се прекине ако некој даде предлог работните тела и Владата го проучат дополнително и излезат со дополнителен став по кои повторно се отвора претрес".

Затоа сметам дека овде што сега се пријавиле, иако за мене лично нема смисла целата расправа што ја водиме, бидејќи веќе еднаш одлучивме, никој нема право да им го одземе зборот. 119 да гласаат против, а еден да остане уште за збор, немаат право да му го одземат правото за збор.

Затоа барам Претседателството, заменикот секретар да го толкува Деловникот како што пишува. Впрочем претседателот не би бил претседател ако не би бил секогаш во право на крајот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во ситуација кога ниту еден делегат во расправата не ги спротивставија дискусиите меѓу себе, нема логика зошто расправата да продолжи. Тука имавме можност да слушнеме дека некој од пратениците зборуваа во име на пратеничките групи, така што е искажан политичкиот став по ова прашаше.

Сакам да ги потсетам сите колеги пратеници дека е контра продуктивно ако очекуваат дека со тоа може во таа насока да се добијат некои ефекти.

Затоа предлагам, иако не сум толку запознаен со Деловникот, со тоа што господин Петров го искажа, но ако тој е во право, тогаш повикувам од морален аспект да се повлечат сите дискутанти бидејќи нема сврха понатаму да се расправа за нешто што однапред се знае каков ќе биде исходот и практично е искажана политичката волја на пратениците.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Ова е повеќе реплика на Тодор Петров. Сметам дека седница- та се води правилно. Самите пратеници на оваа седница го имаат лично злоупотребено деловничкото право бидејќи се повторуваат дискусиите од

18, Точно, претресот беше вратен на комисиите членовите да гласаат посебно. Сега требаше конечно директно да се изјаснуваме дали има потреба од овој Закон или нема потреба од овој Закон. Претседателот правилно ја води седницава, но сите денешни дискутанти од првиот па заклучувајќи со мене, го злоупотребуваат правото од Деловникот. Нешто општо познато, што дискутираме само да губиме време

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас немам право да им кажам на пријавените говорници да не зборуваат. Немам такво право, но имам право да ги прашам дали се откажуваат од учеството во расправата, бидејќи тој Институт во Деловникот постои.

За сега да информирам дека господинот Зоран Крстевски се откажа од дискусијата. Дали господинот Минов се откажува? Се откажува. Дали господинот Личоски се откажува? Тој не се откажува. Господинот Томислав Стојановски се откажува? Не се откажува. Господ-инот Наќо Стојановски не се откажува, господинот Горѓи Котески се откажува, господинот Таини не се откажува, господинот Никола Стојановски не се откажува, господинот Арнаудов не се откажува

Господинот Пановски се откажува

Има збор господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека моето неоткажување не значи дека сакам да направам некои политички маркетинг или да постигнам некоја посебна цел. Се јавив особено после излагањето на господинот министер за труд, мислам дека имаме голема обврска спрема пензионерите и прв  пат за нив вака

расправаме. Нека ми прости некој овде ако употребив збор дека постои страв од пензионерите. јас не би го толкувал тоа како страв, но мислам дека веќе пензионерите ги признаваме како сила. Ако се 180 и повеќе илјади, претставуваат една сила, дали фискална или во смисла на избирачко тело, значи. господа пензионери ние признаваме дека постоите и имате свои збор, своја јачина , своја сила, свое влијание во ова општество кога расправаме за вас.

Морам да бидам искрен во овие размислувања дека некој зборуваше како Владата ќе најде средства за надополни 2-3 милијарди или милиони денари. Господинот Гошев и други кажаа дека тие средства сами по себе се создаваат, со самото примање на личните доходи, 18,5% се издвојува во фондот за таква намена и ако нема личен доход, нема ниту пензија. Според тоа дали во овој случај образложението на Владата држи дека со неприфаќање на овој Закон ќе има инфлаторско дејство на сума од околу 3 милиони денари, надевајќи се дека тие 3 милиони денари ќе ги тргнеме со ребаланс некаде на друго место во буџетот , за да покриваме некоја друга потреба или не. Веројатно има нешто што во буџетот фали, па ќе дојдеме пред Парламентот ќе направиме пренамена итн. или пак се плашиме од нешто друго.

Јас морам да кажам дека немаме инфлација двапати месечно по 70% туку 70 x 170% што ќе даде некој нов коефициент. тоа е намалување на куповната моќ на секого од нас, на секој пензионер, особено пензионер што не ги примил тие пари на рака. Ако пензионерите Ги земат овие средства ќе им се зголеми куповната моќ, Во што ќе се зголеми таа моќ?. Ние отмено живеевме, а сега полека отмено пропаѓаме. Куповната моќ е многу намалена, Таа е за никаде.  Ако рековме, на блок, што не смее да се појави

тоа, даречеме административниот систем, административна одлука, нема зголемување на платите, меѓутоа сите цени се замрзнати на се. тогаш би разговарале поинаку. Меѓутоа, секој ден се оди нагоре, куповната моќ на сите па п на пензионерите се намалува и сум за тоа овој закон да не се

Ние сме многу должници на пензионерите, а се согласувам со работниот заклучок во надлежните тала и министерства да се седне да се расправа, да се дојде пред Парламентот со селективен приод кон нашите пензионери во однос на зголемување на пензиите. Дали треба од првиот до последниот во распон од 1: 4,5, дали треба и тоа зголемување треба со поблаг пораст на големите а поголем пораст на помалите заради таа социјална тензија. Тука треба да се разговара нешто. Инаку, да бидеме ан блок против зголемување на тие 200 или колку се на^големи пензионери или пак што се спомнуваат имиња овде мислам дека не е фер, ова е парламент и не треба така да се зборува, треба да бидеме многу одмерени

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлогот на господинот Туше Гошев во целост го прифаќам. Причина за ова пак ќе најдам во моето истапување на минатата седница кога се одлучувало дали ќе се прифатат мислењата на комисиите или не. Се гласало во мое отсуство и јас во тој однос сега немам никакво право да кажувам дали е вака или поинаку.

Меѓутоа, барав да се јавам за дискусија по однос на истапувањето на Иван Иванов, кој овде децидно рече дека пратениците од Куманово се плашат од не донесување на овој закон. Не мие јасно,  од каде на овој

пратеник таков заклучок, што му е основата. Зошто да се плашам јас да не се донесува некој закон кога тој закон, ако се гласало за него бил донесен во мое отсуство. Со оваа негова изјава целосно се оградувам и тоа не треба да се однесува за мене. Ова е лична работа. Реков од кои причини. Имам проблеми со одредена структура на луѓе во Куманово и ова пак се води на таа вода да имам лоша конотација околу тоа дали овој закон треба да се донесе или не.

Не мислам да се бранам, меѓутоа не сакам некој да дава неконтролирани изјави кои понатаму погрешно с експлоатираат. Ова е мојата цел и затоа му реков на претседателот, ако господинот Иванов дадеше одговор на кого мислел и што, јас воопшто не сакав да говорам по ова прашање зошто тој тоа го кажал. Можеби мислел на некој друг. Меѓутоа, ова го кажувам од свое име од името на пратениците од Куманово. Никој нема дадено мислење дека се плаши од донесување или не донесување на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На господинот Стојановски му објаснив дека немам право да ги повикувам пратениците да објаснуваат. Никој тоа право не ми го дал. Секој кој сака ќе се јави за тоа што сака да зборува. Тота што мисли има право да го каже и одговара за она што го рекол самиот, лично и пред избирачите. Јас нема право никого овде да повикувам да каже или да не каже.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Некои досега се откажаа од дискусијата зборуваа по 15 минути. Јас нема да се откажам но ќе ве задржам само една минута

Чувствувам обврска, бидејќи со моја интервенција се отвори ова расправа, инаку прашањето ќе беше апсолвирано на начин на кој се отвори и оваа расправа. На моја интервенција се отвори расправата и чувствувам субјективна вина што пратениците се малтретираат да расправаат по оваа тема. Но, истовремено чувствувам и задоволство дека најдоа засходно да расправаат и на ваков начин на каков расправаме денеска и некни.

Прво, мојата забелешка беше исто деловничка. Само господинот Личовски, овде што го прочита стенограмот има целосно право, претседателот на Собранието го стави на расправа и усвојување Извештајот на двете комисии. Со нивно усвојување за, на тој Извештај овде беше завршена констатирам дека се завршува распра- вата. Јас тогаш интервенирав. Воопшто не беше ставено на расправа усвојувањето на Предлогот на законот. Тоа може да се види од стенографските белешки.

Затоа побарав деловничка интервенција за поединечно изјаснување, пратениците п тоа не го разбраа, па доби поддршка од 7 членови, па со накнадна интервенција на Томислав Стојановски и други кој го ставија под сомневање Извештајот се отвори ваква расправа. Тоа прашање , да биде јасно затоа што добив забелешки дека сум бил против или за некакво решени во законот.

Веднаш да го кажам мојот став, ќе го искажам денеска кога ќе гласаме за законот. Ние воопшто по законот господине Петров и други пратеници не се изјаснивме. До овој момент не. Ова Собра- ние, ниту еден пратеник дигна рака за Предлогот нас законот, ниту за, ниту против.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

За вториот проблем ќе бидам сосем краток. Лично сметам во тој момент минатата седница, кога беше прекината оваа расправа и кога интервенирав, дека ќе расправаме за Законот од аспект на Антиинфлационата програма во Република Македонија. Содржината на расправата што се отвори тогаш, и поготово денес, ми дава за право да констатирам дека ние расправаме практично за социјална положба на една добра структура во нашата држава, а тоа е за пензионерите. Веднаш да кажам дека тоа мислење преовладува и од расправата овде, еднодоушно кај сите пратеници и пратенички групи. Од тој аспект никој, ниеден пратеник нема забелешка дека е тоа така, поготово после интервенцијата на дополнителните информации што ги добивме до страна на фондот за пензиско и инвалидско осигурување и од старана на здружението на Сојузот на пензионерите, што во претходната постапка кога расправавме за извештаите претходно ги немавме, туку ги имавме само Предлогот на законот со образложението на министерот, што мора да се каже имаат различна содржина и конотација. Ни беа презентирани едни податоци, а преку овие два документи имаме сосема нова состојба. Имаме прво состојба која е клучна за мене, дека по прашањето на квантификациите за зголемување на личните доходи, кај сите категории што ова Собра- ние ги усвои преку донесувањето на овој закон од 25, 30 и 35%, дека се нарушени со квантификации одредени, кои поодредени стопански субјекти и нестопански субјекти се 40, 45 некаде 50,  екаде 60%. И тоа е констатирано како факт, но накнадно. Кои се поселдиците од тоа? Последици од тоа се дека за таквото нарушување веќе имаме фактичка состојба во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, акумулација на парични средства во пензискиот фонд, Која автоматски имплицира дека треба да се усогласат

гласавме конкретно за Законот, односно не расправавме за Законот. Според тоа, ваквата расправа која што е јас предложив да продолжиме со расправа заради тоа што тој закон кој што треба да го донесеме, или нема да го донесеме, е до витално значење за пензионерите. Според тоа после гласањето, се јавиле уште 6 дискутанти, тоа е видено од стенограмите и после тие 6 дискутанти значи не сме завршиле со расправата. Јас немам многу намера да дискутирам во однос на Законот, сметам овој закон не треба да се донесе ваков каков што е, односно да се замрзнат личните доходи на пензионерите, туку да се изврши една од одредена работа која што треба тие пензионери да видиме на каков начин и како ќе се испраќаат. Затоа сметам спрема ваквиот однос на нас пратениците, јас не би можел да дискутирам, затоа оставам во друга прилика да дискутирам за пензионерите кои се во неповолна ситуација.

Сполајму.

**ЏЕЛАЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи системски движењата на пензиите се врзани со порастот на личните доходи во стопанството нема основ за таканаречено замрзнување на пензиите. Тоа значи дека тие природно, односно автоматски, како што рече г-динот Гошев, ќе замрзнуваат кога ќе се искористи до крај остварениот пораст на личните доходи со состојба од 31 март 1992 година Според тоа, на мислење сум дека не треба да се прифати Предлогот на законот, независно од тоа што поради енормниот пораст, односно корекција на личните доходи во стопанството, битно заостануваат личните доходи во општествените дејности. Тоа е проблем на овие дејности за што ќе мора да се најде решение кое не ќе значи и минирање на Антиинфлационата програма.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Ја се јавив за збор после предлогот на Туше Гошев бидејќи ми изгледаше многу несериозен. Ние веќе два дена, сосе 18 јуни три дена расправаме за закони, кои се составен дел, сегмент од Антиинфлационата програма и мислам дека еден ваков не сериозен пристап на пратениците,не е дозволен. Пред неколку месеци јас имав овде една дискусија и кажав дека во моменти кога економските текови ќе тргнат station назад, одредени стопански субјекти, одредена категорија на луѓе, корисници, како што се пензионерите и поединци ќе почнат себично и егоистички да се однесуваат.

Ние имавме инфлација, збор од кој се тресат сите стручњаци економски во светот. А ние имавме таква инфлација со која со утврдените параметри што ги имавме на 26 април, инфлација од 33.000%. А вие знаете инфлација над 3.000% е прав хаос и за кој не вреди да се расправа. Од таа причина ние донесовме Антиинфлациона програма. Сите заедно се согласивме и решивме да ја почитуваме. Впрочем, ако се сеќавате и претседателот на Собранието Стојан Андов многу убаво кажа во завршниот збор дека ваквите мерки многу ќе го погодат стан дарот и на вработените и на пензионерите, меѓутоа, ние мораме да бидеме истрајни и да се спасиме од она што е најголемо зло за сите каде што е присутна инфлацијата. Земја која е зафатена со инфлација мислам дека после војна, недај-боже, или некоја елементарна непогода е нешто најстрашно што може да го снајде народот. Затоа тие мерки ги сметам за оправдани. Секое нарушување на предвидените мерки со инфлацијата треба да се почитуваат. Апсолутно сум

согласен и ги почитувам сите аспекти од правна страна на корисниците на пензии дека се во право, со оглед на тоа како што предвидува Законот, како се утврдуваат пензиите. Морам да кажам дека Извршниот одбор на пензионерите од град Охрид кој ги претставува 5.500 пензионери, беа кај мене на разговор. Јас ти почитувам сите тие нивни искажувања, меѓутоа, им укажав и на последиците кои можат да дојдат од непочитување на Антиинфлационата програма Можеби ние на една седница треба да го разгледуваме тоа дали до крај се почитуваат тие мерки на Антиинфлационата програма, ако тие пробивања од 5% во стопанството и сега повторно за пензионерите, мислам дека ќе ја доведат во прашање, и ова што го кажа г-динот Стојановски Наќе, ние пред тоа разговаравме ќе дојде до тоа навистина до номинален пораст на пензиите, меѓутоа, инфлацијата ако потече, ако почнат цените да растат и понатаму, реалната вредност на пензиите ќе опадне, исто така и на платите кај вработените. Морам да признам дека покрај реакциите од пензионерите, имаш е реакции и од вработените. Сепак, да не бидам погрешно сфатен, јас не правам разлика помеѓу категории на луѓе, меѓутоа, ако во една земја има неповолни економски токови, работниците се оние луѓе кои можат да придонесат, да се' подобри ситуацијата, мислам треба да го почитуваме нивниот глас. Да не дозволуваме да има оправдан револт и кај работниците, што овде се искажа дека има една огромна бројка што земаат плати помалку од предвидениот лимит. Затоа мислам дека треба посериозно да се разгледа ова прашање и посериозно да пристапиме кон сите елементи кои ја сочинуваат Антиинфлационата програма во овој момент.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, Сакам само да кажам во врска со тоа дали мојот настап бил сериозен или не. Во повеќепартиските системи или во парламентарните системи едно оптирање или избор на различни можности кои ги нудат различните размислувања на пратениците, во таа смисла не би сакал на господинот да му одговорам само сакам да му кажам дека политиката и правото се две различни категории кои се во непрестан маратон, кои само во одредени моменти мислат дека некој постигнал предност, а всушност, бил во заблуда. А почитувањето на Уставот и законите и строго формалната процедура на донесувањето на законите е фактички правната држава на законитоста. Во таа смисла нема никаква несериозност, ако кажам дека формалниот поим, уставен формален поим на овој закон е фактички непочитување на Уставот затоа што ако вие донесувате закон за физичка култура, не можете да укинувате претпријатија. Јас кажав и една фина мисла, раниот закон го укинува постариот закон. А во овој момент согласно на член 12 во завршните одредби овој Закон за платите не го укинува Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Оттука се создава една правна колизија, едно важење на два позитивни законски прописи кои го уредуваат прашањето на различен начин, без разлика дали е тоа закон од времен карактер или не, дали е од програма или не од програма. Ние само зборуваме за уставноста и законитоста, а морам слободно да кажам дека во последно време 24 закони Уставниот суд на Република Македонија ги укина, што сметам дека и Собранието согласно на член 51 став 2 не го почитува Уставот и законите. И оттука сметам дека нема никаква несериозност во таквиот пристап на гледањето, на решавањето на проблемот.

А пишувањето на законите, спазувањето на законитоста и уставноста е само силна номотехника или знаење на пишувањето на закони. Не само како правен пишувач на закони, туку и познавач на одре- дена дисциплина која треба да се регулира.

**ЛАМБЕ АРНАУДОВ:**

Почитувани пратеници, јас мислам кажав што значи инфлација. Кога имаме инфлација и кога се бориме против инфлација ние имаме таканаречена вонредна состојба. Во таа состојба нормално да се ограничуваат многу права кои се загарантирани со Уставот. И платата е уставна категорија, меѓутоа, ограничено е од тој аспект јас мислев. Значи што се однесува до почитување на Уставот и јас сум за тоа да се почитува.

**АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам да изнесам едно свое размислување во однос на решенијата кои ги нуди овој закон, а во глобал кој се однесуваат на проблемот со пензионерите.

Сметам дека одредбите кои го регулираат ова прашање се по мене, така да речам, од едно времен карактер, во смисла на тоа што сме надоврзани на еден систем кој и претходно егзистираше и сега егзистира, а не дава едно долгорочно решение, барем во оваа област работите да дојдат по својот ред.

Кога го кажувам тоа, мислам пред се, на искуствата од високоразвиените земји во овој поглед и мислам дека ќе треба во однос на ова прашање еден сериозен пристап целокупен во основа да се промени начинот, односно системот на кој ова прашање се регулира. Тоа

подразбира уште во стартот во однос на издвојувањата, а понатаму и во однос на распределбата.

Она што сакам да го изнесам сега, а секако што се нуди со овој закон, мене сепак ми мириса малку на инфлација дека ќе имаме инфлација, од причина што се нуди едно линеарно зголемување, сега кога дискутираме за пензионерите, утре ќе дискутираме за здравствените работници по некој ден за некој друг проблем, меѓутоа едно забораваме дека создаваме држава, дека сме мал народ, дека имаме свој монетарен систем и дека крајно е време да почнеме и да ја прифатиме една поинаква распределба,односно веќе да организираме и да ја прифатиме една поинаква распределба односно веќе да организираме држава која ќе обезбеди социјална правда, социјална сигурност итн.

Она што сакам сега да го изнесам е тоа дека прашањата во однос на оваа категорија на луѓе, како е решено во некои високо западно развиени земји сосема поинаку го регулираат прашањето. Тие не одат на одредени линеарни зголемувања, меѓутоа во однос на распонот помеѓу највисоката и најниската пензија се забележува сосема близок распон. Тука нешто се спомна за еден распон во однос на најниска и највисока исплатена пензија да биде 1:5 , можеби е подобро да биде и 1:2, а тоа во високо развиените земји се образложува вака: тоа е категорија, кажуваат тие таму, на луѓе кои завршиле со својот работен век, луѓе кои треба достоинствено да живеат. Луѓе кои ги имаат решено сите станбени проблеми, луѓе кои ги имаат решено семејните проблеми и останува еден период на еден пристоен и

еден живот. Кај нас почесто се јавува проблемот, се јавува еден огромен распон, некој да не може да егзистира, а некој добро да живее. Сите оние издвојувања кои биле за време кога траело работното време, сите оние издвојувања, тој кој издвојувал повисоки издвојувања во овие фондови, тој сепак користел привилегија на повисок личен доход итн. Меѓутоа, кога ќе дојде до оваа категорија на изнемоштеност, кога треба да живее, јас се прашувам тогаш што се неговите потреби поголеми во однос на другиот, односно земете наједноставно споредете курир и директор. Едниот одвај егзистира, а другиот нормално живее. Навистина треба едно приближување помеѓу најниските и највисоките пензии. Овој проблем треба така да се сфати дека е најнеопходно такво приближување. Бидејќи, навистина овој голем распон навистина е неправично и не пристојно. Системот ќе мора во тој поглед да се менува. Секако дека тоа покренува еден огромен циклус на проблемите кои ќе се јават во фондовите, во однос на паричната маса што ќе се создаде, па во однос на тоа дали ќе треба и државата да интервенира со средства, меѓутоа, крајно е време да се промени системот во тој поглед.

**НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ:**

Не би се согласил со констатацијата дека ако се регулираат пензиите со покачениот личен доход во април на вработените дека со тоа инфлацијата ќе се зголеми, или ќе се наруши Антиинфлационата програма затоа што покачувањето на пензиите е во согласност со покачувањето ан личните доходи. Според тоа едното со другото нема врска, а покачувањето базира на системските закони, на основниот пензиски закон и на оној последниот кој се донесе за Антиинфлационата програма. Според тоа едно со друго не оди.

Ако просечната пензија во април била 23.575, просечната плата била 38.412 денари. Тоа е 61% од овој личен доход, а не преку 80%. Тоа е една работа.

Втора работа е дека усогласувањето е два месеца station наназад Ако ова сега не се даде пензионерите ќе чекаат до 1 ноември кога ќе се одмрзнат платите а они уште два месеци има да каскаат зад ова, за да не им се покачи пензијата. Од тие причини е неприфатлив овој закон кој го предлага Владата.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Сакам во неколку реченици да го кажам следното.

Имајќи ја предвид сегашната состојба во производството односно парализата на производството со новонастанатите политички состојби, поготово со границите на соседните држави и новосоздадените, дека оваа парализа на стопанството која ги доведува, барем во мојата изборна единица Крива Паланка најголемите организации на личен доход испод 80%, зборува, како и во Прилеп и во другите градови што слушнавме преку телевизија состојбата не е поинаква состојбата не само во Фондот на пензиското осигурување туку и на здравственото и другите, па и на самиот

буџет, ќе се одрази толку лошо што ние во наредните месеци треба да внимаваме како и на кој начин треба да се работи и какви мерки треба да се преземаат.

Во врска со тоа јас сакам да кажам, имајќи ја предвид оваа состојба и досегашните прави состојби кои беа изнесени тука мислам дека тоа што Владата сега го презема во однос на пензиското осигурување, утре можеби за здравственото и други а пробиениот лимит на Антиинфлационата програма од страна на стопанството ќе има далеку повеќе негативни отколку позитивни последици. Затоа поддржувајќи ги дискусиите на најголемиот број од пратениците јас сум против оваа програма што Владата ја донесува, а сакам да кажам дека е крајно време Владата не само што треба да му застане на патот на ограничувањето на личните доходи туку треба исто така да се заострат тие финансиски милиции, како они ги викаат затоа што ако ние имаме една состојба стопанството да го зголемува личниот доход, го пробива лимитот на Антиинфлационата програма, а ние немаме прилив на средства, пример Фондот за здравство не може да ги собере предвидените средства и другите кои се на самопридонес, за буџетот и да не зборувам, тогаш мислам дека ни овие стопанственици кои направиле ваков пробив на некој начин го направиле незаконски затоа што избегнале некои обврски кои биле обврзани да ги дадат па да се одрази тоа во сите сфери.

Второ, не знам како и дали Владата, минатиот пат тука се спомна едно енормно зголемување на носители на големи лични доходи во стопанството. Јас се прашувам дали е тоа можно и понатаму во нашата Република да се толерира. Мислам една од причините што штедачите во Македонија и најмногу ги иритира тоа е што имаме работни организации и носители на функции во поголеми работни организации со по 500 или 800 илјади денари личен доход. Јас можам да ви кажам дека тоа на една млада

држава само и создава една лоша политичка клима. Јас сакам да видам кој е тој директор што во ова време може да носи 800 илјади плата кога ние имаме тука по 10 или 15 итн. илјади плата и социјални проблеми итн. Мислам тоа е една неусогласена работа и една од главните причини што излегов тука на говорницата е да се доскочи на овие состојби во Републиката затоа што тоа нешто внесува еден немир кај луѓето, една нееднаквост, една голема социјална разлика, а за жал тоа така води во една полоша и полоша ситуација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Сега треба да одиме на изјаснување.

Да не би имало пак околу изјаснувањето некои забуни, да објаснам дека на дневен ред е предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за исплата на платите и другите надоместоци и дивиденди во Републиката, со предлог ва закон.

Првото изјаснување е за предлогот за донесување на закон. Да сме минале на предлогот на закон ние ќе расправаме по амандмани те а потоа на крајот на расправата предлогот ќе го дадеме на изјаснување. Сега расправаме по предлогот за донесување.

По предлогот за донесување имаме ставови на работните тела со предлози. Тој предлог на работните тела е алтернатива на предлогот за донесување. Затоа него го даваме на изјаснување, предлог на комисиите. Тоа е иста постапка како кога имаме предлог на закон.

Минатиот пат не беше тоа дали ние сме го ставиле предлогот за донесување или предлозите што ги даваат комисиите, туку ни беше укажано дека комисиите имаат различни ставови.

Прво, дека Законодавно - правната комисија смета дека овој закон треба да се донесе, а потоа дека двете комисии сметаат оти не треба да се донесе.

Јас се обидов тогаш да -објаснам дека ставот на двете комисии е позначаен и треба да има предност заради тоа што ја обработува материјалната страна и се надлежни по таа материјална страна, а ЗПК утврдува дали е можно да се донесе таков закон врз основа на Уставот, што е во ред и таа си зазема став. Меѓутоа, тоа не беше доволно и имаше интервенција дека исто така ЗПК оценува и има право да оцени за потребата да се донесе тој закон.

Тој извештај на ЗПК уште постои, не е повлечен и немаме ние друг извештај. Тука зборуваа членови на ЗПК сега кои имаат мислење дека не треба да се донесе тој закон и во ред е. Најдоследен беше господинот Стојановски кој рече дека сега има нови информации од пензискиот фонд кои му ги појаснуваат работите и он сосема го ме- нува мислењето и тоа е сосема во ред. Меѓутоа, тогаш ЗПК мислеше дека овој закон требаше да се донесе. Така стои во извештајот.

Молам дали се повлекува овој извештај, дали ЗПК го разгледа повторно овој проблем.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Во однос на вашата констатација дека јас го менувам мислењето врз база на информациите. А кое било моето мислење господин претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислам е содржано во извештајот на Комисијата.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Да, но тоа е друго. Тоа е мислење на ЗПК, а не лично мое.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па вие го браневте овој извештај овде. Вие така настапивте на минатата седница. Јас можеби сум во заблуда.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Никогаш јас не сум дискутирал по ова прашање, по однос на извештајот на ЗПК. Тоа може да се види од стенографските белешки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да продолжиме.

Останува извештајот на ЗПК. Затоа да не одиме на изјаснуваше по извештаите бидејќи има спротивности. Има разлика. Бидејќи никој тој извештај не го повлекол и да одиме на изјаснување по предлогот за донесување.

Дали може така? (Може)

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Токму тоа сакав јас да укажам дека денес прва точка на дневен ред е Предлог на закон за дополнување на Законот за исплата .... Не знам зошто претседателот инсистира да се става на расправа односно да се изјаснуваме по извештаите на Комисиите. Ние извештаите од комисиите ги имаме и знаеме нивните резултати. На дневен ред е оваа точка и треба да се постави на гласање дали има потреба од донесување на овој закон или нема потреба. Тоа е прашањето што треба да биде поставено на гласање а не некои други работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да се објасниме. Работата на комисиите е составен дел на работата на Собранието. Работните тела изградиле став за Собранието.

Тоа е дел од оваа работа што овде работиме. И нормално е да го ставам на гласање извештајот од работните тела. Овде имаме специфичен случај. Имаме разлика во ставовите на работните тела и тоа го разјаснивме.

Има збор министерот за труд Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитувани пратеници, морам да укажам на некои работи пред да се пристапи кон гласањето, само би се задржал не на сите дискутанти кои кажаа многу работи кои треба да ги регулира системскиот закон. Тоа не е на дневен ред денес и за тоа не можеме ниту да расправаме ниту да дадеме одговор на такви прашања.

Многу од вашите забелешки држат, и од поранешните расправи во Собранието. Ние тие забелешки ваши од денешната седница ќе ги имаме предвид при изготвувањето односно при предлогот на новиот системски закон за пензиско и инвалидско осигурување кој веројатно овие денови ќе се најде на овие клупи во Парламентот. Јас би се задржал само на некои дискусии кои беа овде изнесени дали овие податоци на Владата и на Фондот се точни или не, бидејќи испаѓа дека ние сега се служиме со два вида на податоци, едни на Владата а едни на фондот.

Јас тврдам, а ;го молам и в.д директорот на Фондот кој е тука да излезе и ако треба и он да потврди дека ние се служиме со едни единствени податоци, но работа на пратениците е кои податоци сакаат да ги земаат и да ги коментираат. Според тоа ние тврдиме и јас денес тврдам во името на Владата дека, доколку нема да биде прифатен овој закон, зголемувањето на пензиите од 40,8% за месец мај и разлика за април ќе значи просечна пензија со просечна плата 88,1%. Тоа сум спремен да го тврдам пред ова Собрание и да одговарам со сите податоци што ние овде

ги пласираме, бидејќи во најлоши варијанти некој требало да се служи со неточни податоци. Тие податоци ние многу добро ги елабориравме и ги образложивме, расправавме во сите комисии по овој закон и вчера и на 18 овој месец. Според тоа не треба да се сфати во Собранието дека се служиме со различни податоци и дека заради тоа што претходно немавме добри податоци дека сега нешто не е во ред во Предлогот на Владата.

Второ, исто така овде беше укажано и дискутирано дека со пензиите во Република Македонија се доцни со 1,8 пензија. Тоа не е точно. Ве молам ние касневме кога ова Собрание се конституира и имавме проблеми со исплатата на пензиите. Јас мислам дека сите ние сме сведоци дека сега исплатуваме редовно пензии, месец за месец, а во некои месеци и пред да се исплаќаат платите. Така што 6,7 и 8 ние веќе ги исплаќаме пензиите за претходниот месец. Според тоа не држат вакви информации во Парламентот дека Македонија фактички должи 1,8 пензии на пензионерите во Република Македонија.

Трето, дека средствата ќе се обезбедуваат. Јас тврдам дека денес во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на жиро- сметка има 2 милијарди и нешто денари, а за исплата на мајската пензија ќе треба ни помалку ни повеќе ќе треба 9,9 милијарди денари Тоа можете сами да го пресметате колку е, колку ние имаме во оптек пари и колку значи тоа средства, а платниот фонд во месец април изнесува некаде околу 16 милијарди денари во цела Република Македонија. Според тоа ние како Влада мораме да укажеме со какви проблеми ќе се судриме во наредниот период и најверојатно во една од наредните седници ќе се бара од Фондот, од пензионерите и дру- гите да се зголеми стапката за пензиско и инвалидско осигурување, бидејќи ние сме убедени дека оваа стапка од 18,5 не ќе може до крајот на годината да ги обезбедува овие средства кои треба

да за фондот, невклучувајќи ги тука и новиот број на пензионери кои месечно се зголемува од илјада на илјада и 500 пензионери месечно и не вклучувајќи ги овие другите пензии што ги земаме сега со другите пензионери што ги имаме во Републиката, воените пензионери итн. Ние како Влада сме должни овие податоци да ги изнесеме пред Парламентот, а работа на Парламентот е како ќе гласа, а не би сакал да се добие дојам дека некој овде сака да протури некои други податоци кои не се вистински, бидејќи ние се служиме со исти податоци и сите овие податоци држат печат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Друго е ако мене ми треба нешто да коментирам , па можам да го земам она што мене не ми одговара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со ова дефинитивно го заклучуваме претресот. Се разјаснивме и околу тоа што гласаме, заради разлика во извештајот на работните тела, а да не одиме на усогласување на работните тела и да не одолговлекуваме одиме на изјаснување и се гласа за или против предлогот за донесување. Гласано е и за тоа дали да се донесе закон. За тоа гласаме сега.

Кој е за да се донесе ваков закон, молам да крене рака? (10)

Кој е против донесување на овој закон? (пратениците креваат рака).

Илузорно е да гласаме понатаму, бидејќи 10 гласа не се доволни ни за 40 неопходни гласови по Уставот.

Според тоа Собранието одлучи да не се донесе овој закон.

Предлагам пауза до 14,30 часот.

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Молам, да се договориме поефикасно да работиме, бидејќи времето не е на наша страна, се поголеми жештини се, се потешко се издржува во салата, па ако може да бидеме ефикасни во работење

Преминуваме на **<u>петтата точка</u>** - <u>Нацрт на деловникот на Собранието на Република Македонија.</u>

Нацртот на деловникот, извештаите на работните тела на Собранието, Мислењето на Владата на Република Македонија и забелешките на пратениците Тодор Петров и Кирил Ковачевски ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, ценам дека со Деловникот имаме една единствена можност и после релативно долг период да воведеме ред во работењето тука. Во Комисијата каде што сум член ги изнесов нашироко моите погледи и нештата со кои не се согласувам, а од оваа говорница сакам накусо да се осврнам на неколку прашања.

Пред се, тоа се однесува на ограничување на дискусиите. Сметам дека не доликува дискусијата на еден пратеник да биде подолга од еден определен период, на пример 10 минути, а може да би- де и 5 и 7 минути и исто така мислам дека не е упатно пратеникот во својот настап да користи пишуван текст. За читање на некаков елаборат или на некаков труд за конкретно прашање постојат други начини, има симпозиуми и конференции,

тоа не е собраниската сала, а освен тоа се девалвира вредноста на самата седница.

Понатаму мислам дека е многу важно ова да биде Парламент поделен на повеќе парламентарни групи - фракции. Тоа не значи дека се фракции на партиите или дека во рамките на тие парламентарни гру- пи има неединство. Тоа само значи дека секоја парламентарна група е составка на Парламентот т.е. негова фракција. Оттука, пледирам за тој поим но не само како за поим туку и како суштина. Во овој нацрт парламентарната група е спомената само на едно место во Деловникот и тоа во пописот на правата на пратеникот. Имено, тој има право да пристапи во парламентарна група. Тоа и онака го има. Суштината е промашена, а таа се содржи во тоа што преку тие парламентарни групи се отсликува и поделеноста на парламентарната структура. На овој начин тоа нема да го постигнеме и јас мислам дека ќе треба да уточниме и еден ден во неделата за седници на парламентарните групи. Во тој ден да нема заседавање било на комисиите било на седница на Парламентот. .

Последниот аспект околу кој мислам да се задржам малку тоа е бројноста на комисиите. При еден вкупен состав од 120 пратеници најмалку е упатно да се одржуваат 20-тина комисии. Вие самите сте свесни колку се бледи извештаите од тие комисии и колку малку се поддржуваат, бидејќи најчесто на комисијата имаме дебата од седуммина- осуммина.

Исто така по однос на комисиите мислам дека сосема не е упатно да има членови не парламентарци, притоа мислам на полноправни членови. Ако има веќе потреба, а нормално е да има таква потреба од стручен совет или некој став да се чуе, тоа можат да бидат хонорирани услуги било од институти или поединци, но никако не во парламентарните тела да гласаат и да имаат моќ на со одлучување на лица кои не се бирани на тајни и непосредни демократски избори.

Тоа беа моите три залагања и се надевам дека ќе имате разбирање за нив. Инаку, до некаде едно цивилизациско достигање мислам дека нема да ни е на одмет. Сметам дека може да се почнува работа по традиција и со една молитва. Не знам зошто ние од тоа одбегнуваме. Во фоајето се обидов со неколкумина да разговарам, нема баш многу слух околу тоа, но само сакам да ве потсетам дека луѓето за било кој труд па и за седнување на маса практикувале пред да почнат и по завршувањето да одржат една молитва.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, имам дадено доста забелешки, дваесетина, од мое лично име, а исто така сум известител на Комисијата за меѓунационални односи, па да не излегувам двапати на говорница истовремено сега би зборувал и од мое име и за Комисијата.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:** (Од место)

На Комисијата не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам од место не зборувајте, ќе добиете збор.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Значи, овој деловник како што гледам и како што го простудирав е доста обемен. Како што имавме три собори тој е составен од трите деловници на соборите и е многу гломазен. Од него може да се исфрлат многу членови и може многу да се стесни за да биде подостапен на пратениците, за да не се прават грешки во иднина.

Овој деловник, како што е наследено од времето на монизмот му дава големи права на претседателот на Собранието. Претседателот на Собранието во западната демократија на секаде се смета како еден спикер.

Тој не е посебно издвоена личност во ранг на државник. Напротив, кај нас е издвоен во ранг на државник, автократ. Многу членови одат во него во прилог, па затоа во забелешките што ги дадовме и од Комисијата и јас што ги дадов треба да се отфрлат.

На пример, тоа се дава во членот 18, членот 43, членот 56, членот 74, членот 85, сите тие членови одат во прилог на претседателот на Собранието.

Исто така, Комисијата за меѓунационални односи даде забелешка на правата на претседателот на Собранието утврдени со членот 77, 80, 81, 82 и 83, па се вели вака: дека се големи па се предлага да се дополнат и за тие права да одлучуваат пратениците со мнозинство гласови. Смета дека оставањето на овие права на претседателот на Собранието би можеле да овозможат субјективно однесување на претседателот според партиската припадност.

Би го посочил и членот 74, каде се предлага следното: да се постави така што секој прекин на седниците, а знаеме како ги прекинуваше досега претседателот на Собранието, за секој прекин на седниците на Собранието да одлучува Собранието, освен кога нема кворум за работа, во кој случај за прекинот одлучува претседателот на Собранието. Причините за прекинот на седницата треба да ги цени Собранието, а не само претседателот на кој начин му се дава можност тој да одлучува и спротивно на волјата на пратениците, а тоа го имавме повеќепати во овој Парламент.

Да го посочам и членот 51, алтернативата на членот 51 каде претседателот, ако ја изгласаме таа алтернатива, ќе добие многу големи права, па точката 13-а да ја прочитам - "покажува потреба за остварување на соработка со претставничките тела на други држави што не е содржана во Програмата за соработка на Собранието со претставничките тела на

други држави, одлучува за упатување на делегации и го одредува нивниот состав, за што дополнително го известува Собранието. Во точката 14 се вели: "Предлага преземање на покровителство од страна на Собранието за одделни прослави на настани од значење за Републиката и предлага претставници на Собранието на тие прослави". Значи, во ранг на државник.

Потоа би се вратил на точката 4 од Деловникот, каде што имаме пет става, од кои четирите става треба веднаш да се избришат. Притоа наоѓам забелешка на Комисијата за деловнички прашања. Комисијата за деловнички прашања си дозволува, иако го знае Уставот, да стави во Деловникот да имаме во нашево Собрание двојазичност. Да ја потсетам таа Комисија за деловнички прашања на членот 7 од Уставот. "Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилично писмо". Другите два става се однесуваат на единиците на локалната самоуправа. Знаеме дека Парламентот не е единица на локалната самоуправа. Тоа е највисока републичка установа и чудно ми е како можело таа комисија да го дозволи тоа, а очекувам дека за ова ќе уследи голема расправа. А дали има потреби од такви расправи?

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, во врска со Нацртот на деловникот имам повеќе забелешки кои би сакала да ги има предвид при изработката на Предлогот на Нацртот на деловникот Комисијата за деловнички прашања која е предлагач на овој текст. Имено, во членот 4 сметам дека ставовите 2,3,4 и 5 треба да се избришат бидејќи не се во согласност со Уставот со став 1 од член 7.

Исто така, во член 18 каде што е предложено на претседателот на Собранието да му помагаат неколку потпретседатели не е дефинирана бројката колку потпретседатели, ценам дека не е неопходно во работата на Собранието да имаме повеќе потпретседатели, туку како заменик на претседателот на Собранието доволен е и еден.

Исто така, во член 51 кој што се однесува на потребниот број на пратеници, кој е неопходен за свикување на собраниска седница, сметам дека е доволно таа бројка да изнесува 30 пратеници, а не како што е предложено 1/3. Мислам дека тоа е голема бројка.

Исто така во членот 52, бидејќи ценам дека е доволен еден потпретседател, во став 2 треба да отпадне вториот дел каде што пишува дека претседателот на Собранието во негово отсуство можат да го замени еден од потпретседателите кој ќе го одреди претседателот на Собранието.

Што се однесува до улогата на претседателот во дефинирањето на неговото место и функција во работата на Собранието, сметам дека во член 80 каде што е предложено претседателот на Собранието да има можност да му одземе збор на пратеникот, тоа не е во согласност со духот на парламентарната демократија, бидејќи во еден повеќепартиски Парламент каде што претседателот на Собранието припаѓа на една партија може по свое наоѓање да ја злоупотреби функцијата и без причина, во интерес на својата партија, да му одземе збор на пратеник од друга пратеничка група и најдобро би било не само за нашиот Парламент во чија работа учествуваме, туку и за идните пратенички состави кои ќе дојдат после нас да предложиме околу одземањето на збор да одлучат самите пратеници со мнозинство гласови.

Исто така во член 81, 82 и 83 каде што е определена улогата на претседателот на Собранието, во член 82 во став 2 се вели во кој случај претседателот на Собранието може да го отстрани пратеникот од

седницата. Сметам дека и во овој случај треба за тоа да одлучи Собранието со мнозинство гласови.

Во член 83, став 2 каде што се говори дека лицата кои за време траењето додека трае седницата се наоѓаат во зградата на Собранието, по службена должност се должни да ги извршуваат налози- те на претседателот во поглед на одржувањето на редот, ценам дека би требало да се предложи еден куќен ред на кој сите вработени да се придржуваат, а не претседателот на Собранието по свое наоѓање да издава налози и да им наредува, да се наоѓа во функција на наредбодавец да им наредува на вработените како да се однесуваат.

Натаму, во член 141 каде што се говори за бројот на работните тела на Собранието по точката 4 се наоѓа и Комисијата за меѓу- национални односи. Постоењето на оваа комисија беше предвидено со претходниот Устав на Република Македонија, но со новиот Устав делокругот и надлежноста на Комисијата за меѓунационални односи се совпаѓа со Советот за меѓунационални односи кој што е предвиден со новиот Устав.

**ДОСТА ДИМОВСКА:** (Продолжение)

Јас како претседател на оваа Комисија упатив едно писмо во име на Комисијата за меѓунационални односи со барање што поскоро да се формира советот за меѓунационални односи кој би бил формиран врз основа на други соодноси помеѓу пратениците и на други принципи, но досега од мене непознати причини ниту претседателот на Собранието ниту претседателот на Републиката не ми одговорија ниту пак се формира овој совет, така што, бидејќи се совпаѓа надлежноста и делокругот и на Комисијата за меѓунационални односи и на советот за меѓунационални односи сметам дека оваа Комисија не треба да постои и би требало да се изземе од бројот на работните тела, а и заради ефикасноста на работата на Собранието подобро, тоа е една лична сугестија да се намали бројот на работните тела кои се предложени тука во поголем број -21.

Исто така во членот 269 и 270 е утврдена комуникацијата помеѓу претседателите на работните тела и претседателот на Собранието со јавноста преку закажуваше на конференции за печат и издаваше на соопштенија. Ценам дека е крајно недемократски претседател на било кое работно тело во име на работното тело без консултација на пратениците да издава соопштенија за јавноста или да свикува прес конференција.

Исто така претседателот на Собранието не може во името на Собранието, во името на целиот пратенички состав да свикува прес конференции и да застапува ставови во името на сите пратеници без претходно тоа соопштение да биде тука понудено на пратениците на изјаснување, така што не би се согласила со предложените членови околу

комуникацијата со јавноста.

Се извинувам, ќе се навратам на членот 51, бидејќи испуштив неколку работи околу делогругот на надлежностите на претседателот на Собранието. Во членот 51 точка 8 стои дека претседателот на Собранието донесува правилник за внатрешниот ред на Собранието.

Исто така моето лично мислење е дека оваа точка не е во согласност со демократските принципи на работа и дека не може поединец во името на мнозинството да донесува правилници за внатрешниот ред на работата на Собранието. Исто така во целост е неприфатлива алтернатива на под точката 13 каде во точката 13-а се говори дека претседателот на Собранието одлучува за упатување на делегации и го одредува нивниот состав за што дополнително го известува Собранието. До сега , за жал, имавме многу примери на упатување на разни пратенички делегации било низ Македонија или странство кои остваруваат разни контакти, но без тој состав на пратеници да помине тука на Собранието.

Исто така ценам дека тука можности од произволност се дадени и може, како што се случи само од една или од две партии да одат пратениците во странство како што беше посетата на Стразбург и на одредени странски земји во точката 14 стои дека претседателот на Собранието предлага преземање на покровителство од страна на Собранието за одделни прослави на настани од значење за Републиката и предлага претставници на Собранието на тие прослави.

Сметам дека овие предлози треба да поминат низ Собранието или во најмала рака тие консултации да бидат со координаторите на пратеничките групи, бидејќи до сега имавме повеќе примери на присуство на

претседателот на Собранието без да знаеме кој го овластил да говори во името на Собранието, како што беше последниот пример на учество на претседателот на Собранието на прославата на Гоцевите денови во Делчево каде говореше пред собраните граѓани и во својот говор нападна неколку национални партии кои имаат свои претставници во македонскиот Парламент, а јас сум убедена во тоа и поголемиот број на пратениците не стојат зад ваквите ставови и мислам дека никој нема право да говори во името на Собранието без консултации со пратениците или со координаторите на пратеничките групи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не навлегувам во предлозите на госпоѓица Доста Димовска само сакам да кажам дека Димовска не даде ни еден пример каде е определена делегација само од една партија или од две партии.

Друго, сакам да кажам и да потврдам овде се што е работено на меѓународен план е работено до крај доследно во согласност со постојниот Деловник и сите мои настапи до сега се одобрувани од Претседателството, како што е по Деловникот, мислам на постојниот. Кога ќе одлучиме поинаку веројатно ќе биде поинаку, а додека не одлучиме поинаку останува како што е.

Дали некој друг бара збор?

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, јас не тврдам дека настапите до сега не биле во согласност со стариот Деловник, но не би сакала такви негативни примери да се случат и со донесувањето на новиот Деловник едноставно предлагам да ги оневозможиме , бидејќи сме во втора фаза на

донесувањето на деловникот, а што се однесува до последниот настап на претседателот, мислам дека како што човек на Парламентот не смее да си дозволи да напаѓа било која партија па и така наречените националистички партии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се нападнати ако некои вистини се кажат, тоа е мое убедување, ако некои мисли дека е националистичка партија и е нападнат, тогаш молам.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Се додека го претставуваат македонскиот Парламент и сите нас како патеници овде од различни партии немате кредит од овдешните пратеници, а најмалку од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да напаѓа- те било кои партии. Мислам дека според Уставот додека ви трае функцијата ви е не делувате од партиска позиција, ако делувате од партиски позиции вашето лично мислење никој не може да ви го оспори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, не делувам од партиски позиции, туку ја презентирам политиката на Собранието. (Општо негодување од страна на претставниците на ВМРО-ДПМНЕ).

Ве молам, тоа не е за расправа, ако сакате покренете можеме да имаме расправа.

Молам кој бара збор понатаму.

Јас само ги одбивам инсинуациите , ништо повеќе.

Дали уште некој бара збор?

Господинот Зибери ме праша сака да даде појаснување на сите забелешки и предлози. Јас мислам дека не треба, бидејќи е фаза на нацрт.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, сметам дека по мое видување како е даден овој Деловник, како и од Законодавно правната комисија ценам дека има повеќе повторувања во самиот деловник и пренесени цели текстови од Уставот па се појавува дека еден Закон или Устав се препишува во Деловникот и обратно и во самиот Деловник повеќе работи се повторуваат.

Дадовме забелешки да се постапи по овие забелешки да не дојде повторување и што е можно повеќе да се оди на упростување на деловникот. Јас мислам дека е огромен, многу описно се дадени работите што Комисијата направи нови напори за изготување на Деловникот изготви друг поекономичен текст и предлагам по него да расправаме. Меѓутоа, сега кога се работи за Нацрт сакам да кажам дека има место и потреба да се донесе ваков акт. Ќе укажам на неколку околности каде се препишуваат директно цели пасуси од Уставот, па предлагам кога ќе ги воочиме овие работи она што е пропишано со Устав да не се препишува во Деловникот затоа што нема потреба. Во Деловникот треба да се даде она што нам директно практично во работата ни е потребно, а што ни е дадено за право со Уставот и другите закони тоа таму ќе се земе.

Да не ги повторувам претходните колеги кои беа овде, сакам само да укажам на една работа. Во членот 44 се вели дека пратеничката група можат да ја организираат независни пратеници. Видете зошто предлагам

ова да се брише. Додека го немаме изборниот закон што ќе биде и по кој ќе се работи не можеме со Правилник да одредуваме кој се може да сочинува пратеничка група. Ако случајно се определиме за пропорцијален систем, тогаш немаме самостоен пратеник и оваа одредба ќе биде излишна, затоа треба да одиме на тоа што не е предвидено со закон да не се пропишува овде. Реков ако имаме пропорцијален систем не можеме да предвидуваме ваква работа да имаме пратенички групи од институција која не постои.

Понатаму, интересна е одредбата во членот 75 и 77 . Членот 77 вели претседателот дава збор на пратеникот според редот на при- јавувањето. Веднаш продолжува говорникот кој сака да говори се пријавува. Во членот 55 дава пријавување. На едно место ќе се каже како се врши пријавување да не се пишува повторно на друго место.

Ставот 2 од членот 77 пријавите за збор се поднесуваат усно или писмено. Членот 75 пријавите за збор се поднесуваат лично усно или писмено. Само игра на зборови, а дадени нови ставови.

Генерално сакам да кажам реков да се преиспита одредбата од членот 4 дали ќе треба вака да гласи или не, дали Парламентот ќе го правиме повеќе говорен или едноговорен, дали ќе му дадеме многу ниска функција да биде месна заедница или ќе биде државна институција, тука да се позанимаваме без страсти, без набои туку само со разум ќе можеме да постигнеме . Ако на ова место и овој

Парламент го сметаме за месна заедница , тогаш навистина многу тешко ќе дојде да го донесеме овој деловник.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнпот заклучок.

1. Собранието го усвојува Нацртот на Деловникот на Собранието на Република Македонија.

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Комисијата за деловнички прашања да подготви и на Собранието да му достави Предлог на деловник на Собранието на Република Македонија при што да ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на комисиите на Собранието и забелешките на пратениците Тодор Петров и Кирил Ковачевски, Мислењето на Владата на Република Македонија какао и искажаните мислења на седницата.

3. Овој Заклучок заедно Со извештаите на комисиите, забелешките на пратениците и Мислењето на Владата да се достави до Комисијата за деловнички прашања на Собранието на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **шестата точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за воспоставување на дипломатски односи меѓу двете држави со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на закон и извештаите на КомиСијата за надворешно политички прашања и односи со странство и Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

- Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за воспоставување на дипломатски односи меѓу двете држави

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?)Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? ( Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес. Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон. Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за воспоставување на дипломатски односи меѓу двете држави.

Преминуваме на **седмата точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за престанок. на важноста на законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство со Предлог на закон.

Предлозите за донесување на законот со предлозите на законот поднесени од пратениците Стоиле Стојков и Тодор Петров и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно правната комисија ви се доставени односно поделени.

Ве известувам дека Комисијата за финансирање и буџет предлага Собранието да не го усвои Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон од причините содржани во Извештајот на Комисијата, а Комисијата за економска политика и развој и Законодавно правната комисија предлагаат Собранието да го усвои овој закон.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам,кој бара збор?

Има збор Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, како предлагач на Законот за престанок на важноста на Законот за воведување обврска за плаќење при патување во странство од 30 дм. би сакал да го привлечам вашето внимание со една поопширна анализа на разграничување на власта на законодавна што ја има токму ова Собрание, извршна Владата и судска.

Поаѓајќи токму од ова разграничување на власта и проучувајќи го Уставот на Република Македонија поточно основните слободи и права на човекот и граѓанинот како основен постулат на граѓанското општество за кое со новиот Устав се определи оваа млада држава , на законот кој ова Собрание, ако така одлучи, му престане важнсота како неуставен, а верувам меѓу граѓаните на Република Македонија е крајно непопуларен.

Не уставноста на Законот за воведуваше обврска за плаќање при патување во странство ја поткрепувам со следните членови од Уставот на Република Македонија.

Член 9, став 2 - граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Член 27, став 2- секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Република Македонија и да се врати во републиката.

Член 54, став 3-ограничување на слободите и правата не може да биде дискриминаторско по основ на пол, раса,боја на кожа, вера, национално или социјално потекло,имотна или општествена положба.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ: (**продолжение)

Со Законот за наплаќање такса при напуштање на територијата на Република Македонија, слободите и правата на граѓаните им се ограничени. Јас тука би спомнал само некои примери. Ако едно семејство сака да ги посети своите роднини во соседните држави и на пример е четиричлено му требаат 120 германски марки што треба да ги набави на црната девизна берза, што според постојните закони е исто така прекршок. Но ако нема можност да ги набави, социјалната положба му е таква, ќе не може да оди во посета на своите сонародници кои верувам материјално ќе му го обезбедат тамошниот престој. Значи ова семејство согласно Уставот се става во една дискриминаторска положба што во државите каде се почитува правото т.е. Уставот и законите е незамисливо.

Со членот 3 од Законот што е во сила- се прави уште еден дискриминаторски однос кон граѓаните по основ на општествената положба, здравствената положба, места на вработување итн. Според мене, со членот 3 точка 9 каде граѓаните се ослободуваат од обврска за плаќање при патување во Република Србија, Црна Гора, Словенија, Босна и Херцеговина и Хрватска се однесуваме дискриминаторски кон другите соседни држави спротивно на нашата декларирана политика на еднаква соработка со сите соседни земји и пошироко. Впрочем за тоа се залага и Владата.

Имаме случаи каде граѓаните патуваат прво на територијата на Република Србија со многу тешкотии се разбира во последно време и оттаму одат во другите држави, избегнувајќи да ја платат оваа излезна такса, така би ја нарекол, а не депозит, затоа што за депозит треба да се вратат средствата, со што прават додатни трошоци. Примери за дискриминаторски однос, узурпирање на слободите и правата на граѓаните

со одредбите на овој закон ги има многу, Јас би се осврнал и на одредбите на Уставот во случаите кога може да бидат ограничени правата и слободите на човекот и граѓаните.

Член 54 став 2 - "Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени за време на воена или вон- редна состојба, според одредбите на Уставот". Благодарни сме му на господа што во Република Македонија, ниту е војна ниту имаме прогласено вонредна состојба и така нека остане. Тоа верувам сите добронамерни граѓани на оваа Република го посакуваат.

Член 27 став 3 - "Остварувањето на овие права може да се ограничи со закон единствено во случаите кога е тоа потребно заради заштита на безбедноста на Републиката, водење кривична постапка или заштита на здравјето на луѓето". Ова се однесува на поединечни случаи , а инкриминираниот закон се однесува на мнозинството граѓани на Република Македонија, што значи Владата не може да се повика на оваа одредба од Уставот барајќи ја уставната основа за воведување обврска за плаќање при патување во странство од 30 германски марки.

Објаснувањето од Владата дека овој закон е дел од Антиинфлационата програма е исто така неодрживо без разлика на финансиските резултати, затоа што верувам ниту една Влада или држава не може да ги реши своите финансиски проблеми со наметнување антиуставни решенија за додадет данок. Ставајќи се над граѓаните со непочитување на нивните основни слободи и права загарантирани со Уставот. На крајот би се повикал и на член 51 од Уставот.

Во Република Македонија законите мора да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите. Затоа почитувани пратеници апелирам да гласате за Предлогот за донесување на закон за престанок на важноста на Законот за воведување обврска при патување во странство со тоа што согласно Деловникот на Собранието на оваа седница да се разгледа и пред- логот на законот и се усвои, како би се исправила една антиуставна законска регулатива, со што ќе се претставиме и како Собрание кое ја има таа законодавна власт, а и државата како почитувачи на правото, или популарно кажано правна држава дека сме пред целиот демократски свет итн.

Согласно член 304 од Деловникот се изјасни позитивно и ЗПК која во вакви случаи и го има тоа право.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Околу претходниот дискутант што толку се залагаше за уставност нема ништо да зборувам, бидејќи ние во овој Парламент изгледа ништо не сакаме да задржиме, ни уставност ни ништо. Јас сакам овде да повикам било кој член на Владата да ми објасни, да ми даде податоци од денот кога го донесовме Законот, оваа Програма колку пари, колку средства, односно западно германски марки се собрани на границите. Тоа е за мене најдобриот показател и кога би ја добил сумата од колку марки се собираат тогаш можеме да дискутираме дали има основ. Овде некои пратеници многу се залагаат околу Македонската држава, многу апелираат дека сме големи или млади Македонци. Кога Владата успеа да донесе еден најмал закон за инфлаторната програма, па било на каков начин да се собере, ако можам така да речам и 5 марки, не помина ни еден месец, веќе толку силно

апелира веднаш тој закон да го укинеме. Една спротивност значи. Од една страна на друга страна одиме. Затоа, велам уште еднаш, ако министерот за финансии, господинот Тошевски ни каже една приближна цифра колку пари се собрани, тогаш ќе можеме подобро да донесеме еден заклучок овде да се изјасниме.

Ние денес веќе два пати ја прекршуваме инфлаторната програма. Прво со Законот за пензии што не го прифативме и еве сега по втор пат. Тогаш овој Парламент едногласно ја усвои, а денес двапати правиме сосема спротивни работи. Затоа апелирам уште еднаш ако министерот има точни податоци да ни даде, јас уште еднаш потоа ќе земам збор.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, ако се сеќавате најголеми противници на овој закон беа пратениците на ПДП поединечно и пратеничката група. Дури предлагавме неколку амандмани и сите не беа прифатени од истата ЗПК која сега за чудо ги поддржува нашите поранешни предлози. Значи, со закаснување. Чудно е тоа што предлагачот на законот не бил свесен првиот ден на усвојувањето на законот и истиот гласал за законот за да потоа прелистува литература, устави и закони или некој друг му го напишал текстот што го читаше тука и сега заклучува дека тоа е дискриминаторско и противуставно. Навистина чудна работа, или некаква пропаганда за себе ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам внимавајте во изразите.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Затоа за законот сум бил тој ден дека е противуставен, меѓутоа, сега нема да го поддржувам затоа што Стоиле Стојков го поддржува.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, ние навистина овде немаме финансиски податоци за тоа колку овој закон влијаеше на зголемување на девизните резерви на Република Македонија односно колку по тој основ се собрани средства. Меѓутоа, факт е дека бројот на патувањата, а пред се мислам на приватните патувања вон од Република Македонија, драстично е намален, заради тоа што и драстично е опаднат животниот стандард на сите граѓани на Република Македонија. Со оглед на тоа што оние што патуваат службено вон територијата на Република Македонија, односно во некоја странска земја овие 30 германски марки не им го оптеретуваат личниот буџет, туку тоа е патување кое што е неопходно и нормално и мора да се обави. Мислам, дека уште во старт се со цел, нормално да ги сочуваме двизите во Република Македонија донесовме еден закон во смисла на административна мерка со цел да се напушта помалку територијата на Република Македонија. Меѓутоа, бидејќи бројот на патувањата е намален, и бидејќи тие девизи кои што во случај на патување во странство, овде не се работи само за 30 германски марки, кои што ќе се дадат при патувањето, туку и за средствата кои што би се потрошиле настрана. Тие средства не се чуваат во банките, а знаеме од кои причини и зошто, туку се чуваат во државата внатре, мислам дека се работи за едно право кое што уште во старт не треба да им го намалиме на граѓаните. Тоа видно нема да ја наруши Антиинфлаторната програма.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници во својство на известител на ЗПК пренесувам став на Комисијата дека го поддржува предлогот на укинување на односниот закон поднесен од пратеникот Стоиле Стојков, констатирајќи дека законот што се предлага да се укине е неуставен согласно членовите 7 и 23 од Уставот на Република Македонија кои се однесуваат на еднаквоста и рамноправноста на граѓаните и како таков во неговото досегашно опстојување не претставуваше доградување на правниот систем на Републиката, а тоа како рамковна надлежност на Комисијата што го разгледуваше законот.

Инаку, ја користам приликата и мој личен став да изразам затоа што во расправата по Предлогот за измени и дополнувања на овој закон, предложена од пратеникот Тодор Петров имав амандмани кои го имаа истиот ефект односно укинување на овој закон така да тоа мое залагање се совпаѓа со сегашниот предлог, а причините се екномски од аспект на тоа да извор на девизни резерви треба да биде на економска основа , односно преку интензивирање на економ- ските девизни токови на Републиката со размената на роба пошироко, а исто така и причина на створеното јавно мнение, кое без малку апсолутно најнеприфатлива мерка од Антиинфлационата програма беше ова воведуваше на 30 германски марки за излез од Републиката.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа, мене ми се чини дека во однос на овој закон прерано избрзавме и не простудирано се провлече. Јас да не дискутирам многу, сакам краток да бидам да се направи само

една измена, како што беше порано на граѓаните да не им го скратуваме правото еднаш или два пати најмногу годишно да можат да одат во било која земја без ова учество, а ако сака повеќе пати да оди во годината, тоа се знае зошто сака да оди, сака да врши трговија и затоа ќе си плаќа. И да си остане тоа да се плаќа. Меѓутоа, со ослободувањето кон границата на Србија, оние што имаат роднини велат одиме на видиме роднини таму, меѓутоа, зошто ги обесправуваме другите погранични граѓани наши кои границат со Албанија, Грција, Бугарија и тие имаат свои. Еднаш годишно сакаат и тие да појдат во странство. А, ако тоа се зачести многу пати месечно да оди, се знае зошто оди. Затоа сметам дека ние тогаш неправилно, не го простудиравме тоа, и набрзо ја донесовме таквата одлука. Со тоа две неправди направивме.

Прво, само тие што границат и имаат роднини преку границата на Србија, да може да одат таму. Тоа се измамија што рекоа и другите републики. Не граничиме со другите републики, тоа е превара направена тогаш. Ние граничиме со Република Србија. Со Босна, Словенија и Хрватска не граничиме. Тоа е исто така како што преминуваме за Грција, а одиш за Турција нема потреба да плаќаш. Тоа значи не важи. Со тоа се искористи една празнина, една немудрост, една измореност на пратениците и затоа се донесе таквиот закон. Затоа јас предлагам овој закон да си постои, меѓутоа да се додаде нов член или став каде треба да гласи дека граѓаните на Република Македонија еднаш годишно до два пати можат да патуваат во било која , да излезат надвор без учество, а ако тоа го сакаат повеќе пати да си плаќаат онака како што е донесен законот.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, на говорницата беше кажано од страна на некои пратеници, дека за законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство некои од пратеници гласале а сега бараат да се укине законот. Јас морам да ве потсетам дека во Предлогот што го даде Владата во пакетот на закони со Антиинфлационата програма, во Предлогот на законот стоеше дека оваа обврска ќе се однесува подеднакво на сите соседни земји вклучувајќи ги и бившите југословенски републики, што значи и Србија. Бидејќи имаше еден амандман од пратениците со кој се бараше изземање на бившите југословенски републики, со образложение дека поврзаноста на Македонија , особено економските врски со оглед на минатото се сеуште присутни. Дури беа изнесени податоци дека 62% од размената е сврзана со Србија, се бараше да се усвои тој амандман и Владата го усвои, но за жал од страна на Комисијата за финансирање и буџет, пратеници кога се изгласуваше законот го немаа пред себе Извештајот на Комисијата, а госпоѓата Славјанка не извести пратениците накратко, и објасни за што се работи. Беше навестена рас- права за тој амандман, но заради вештото водење на седницата ние некако ја одминавме таа расправа, па мнозина пратеници гласаа за Предлогот на законот со амандманот кој што го усвои Владата. Така што откако се усвои овој закон видоизменет и кај пратениците и кај јавноста имавме големо незадоволство. Тука исто така, од еден пратеник беше изнесено дека е остварена голема финансиска полза на Републиката откако се воведени овие мерки, но јас би сакала да ве потсетам дека политичката штета може да биде огромна пред се поради тоа што како Република се определивме за принципот за еквизистанца што значи еднаква одалеченост од сите соседни

земји. Ние со овој закон ја форсиравме блискоста со Србија, а воведовме ограничување, задолжително плаќање на 30 марки кон Република Албанија, Република Грција и Република Бугарија. Ние сакаме подобрување на односите со Република Грција, која што гледаме во Европската заедница има клучна улога во блокирањето на поширокото меѓународно признавање на Република Македонија, а од друга страна воведуваме една ваква брана кон Грција, додека таква брана не постои кон Србија. Гледаме дека таа брана денес е беспредметна затоа што со санкциите што ги воведоа ООН, со Резолуцијата 757 ова веќе денес е беспредметно и мислам ако очекуваме признавање од Албанија, исто така признавање од Грција ние треба да го почитуваме овој принцип на еквизистанца и предлагам или да се укине законот или подеднакво да важи за сите соседни земји и за останатите републики, вклучувајќи ја и Србија.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, Законот за воведување на обврска за плаќање при патување во странство, е донесен во овој Парламент пред неполни 2 месеци и тоа во согласност со Антиинфлационата програма што ја прифати Собранието на Република Македонија.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:** (продолжение)

И покрај јасните причини што Владата ги изнесе при предлагањето на овој закон во рамките на антиинфлационата програма и целите што ќе се постигнат за обезбедување на девизни средства, во текот на расправата Комисијата за стопанство имаше подруго мислење, имаше свој предлог да не се прифати тогаш предложениот закон. И покрај образложенијата што беа давани, прегласувањата и гласањата во Соб-ранието, Собранието го прифати законот со поединечно изјаснување на пратениците.

Сметам дека, со ова што сега е предложено од страна на пратеникот Стоиле Стојков ние практично само уште повеќе придонесуваме и понатаму Владата да опстојува на своето гледиште дека Парламентот на одреден начин го кочи спроведувањето на Антиифлационата програма.

Поаѓајќи од тие причини, поради тоа што и претходно имавме еден таков закон на кое што укажаа претставниците на Владата, посебно министерот за труд и социјална политика, за делот на извршувањето на антиинфлационата програма, а следејќи го и самото извршување на Програмата и обврската што овој Парламент ќе ја има за оценување на ефектите од Антиинфлационата програма, јас сметам дека не би требало во овој момент да се прифати овој закон, бидејќи и така остануваат уште 3 месеци за негово спроведување, а уште повеќе што во причините на неговото донесување, тогаш кога се донесуваше беше изнесено дека се работи на одреден начин за ускратување на правото не ан сите граѓани, туку на оние граѓани кои ќе пројават интерес за евентуално патување во странство, користење на годишен одмор во странство, а аргументите на Комисијата за стопанство беа на сосема друга страна. Беа дека се оневозможуваат повеќе малостопанственици кои на одреден начин и онака

треба да прават одредени контакти со стопанственици од соседните земји, да ги остварат своите цели во делот на регистрациите што ги имаат, сметам дека во овој момент не треба да се прифати законот, за да ние како Парламент, не придонесуваме во доста кратко време еднаш донесен закон од Парламентот сега да го укинуваме, а на Владата, на одреден начин да и дадеме за право дека Парламентот оневозможува да се спроведе Антиинфлационата програма. Со право се поставува прашањето за ефектите што денеска се постигнати. Сигурно тие ефекти не можат за два месеци до крај да се остварат, но во секој случај, барем во рамките на сегашната расправа би требале да го имаме податокот колку ефекти се остварени, посебно колку девизи се остварени во делот на остварувањето на овој закон.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Навистина така, се донесува еден закон, а после мора да се менува. Ако сме принципиелни, треба и така да работиме. Затоа нема човек кој не греши. Грешиме и треба грешката да ја^поправаме. Еве зошто:

Постојниот закон што го донесовме, изгласавме, ни се чини не враќа назад. Од причини и факти кои претходните дискутанти освен дискутантот пред мене не се согласи со тоа.

Нели ви се чини дека сами се затвараме? Ние самите, во тоа мало државиче полека, полека сами се затвараме. Мене барем така ми се чини. Уште пред да направиме држава создаваме една мала железна завеса. Мала, ама цврста од некои страни завеса. А, колку маки виде Европа да сруши една голема завеса.

Не можеме ние да бидеме кон едни браќа а кон други да бидеме сатани. Не. Ако сме кон едни браќа, ќе бидеме и кон други браќа, затоа што границите ни се заеднички. Минатиот пат тоа не го размисливме убаво. Таа

грешка треба да ја поправиме. Само со отворени граници со нашите соседи ќе докажеме дека стварно сакаме да соработуваме. И, стварно сакаме држава. Со затворени граници бегаме подалеку од признавањето.

Не донесуваме закон само за денеска. Тој закон ќе се потцрта во нашиот законик што ќе биде постојан и понатаму. Добро, за да ја поминеш границата кон Албанија, зошто да плаќаш? или кон Бугарија или кон Грција. Ако поминеш кон Албанија, лесно ќе го фатиш

Адријатикот па ќе одиш до Италија. Со еден збор. Ако ја поминеш границата кај Бугарија ќе одиш во Турција и понатаму. Истото важи и за јужниот сосед кој по нас фрла со камења а ние фрламе со леб.

Да докажеме дека ние сме навистина добри соседи.

Само со отворени граници без убедување, не сум јас тука некој филозоф и не сум не знам кој да ве убедувам дека водам некоја пропаганда и ве убедувам. Не сум тој и не сакам да бидам тој. Но, само со отворени граници светот е поблизу до нас.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Уште на почетокот да искажам едно мислење дека ова што сакам да го кажам не би требало да биде сфатено од некои пропагандни цели. Меѓутоа, сепак е добро да се потсетуваме на времето кога одредени закони донесуваме.

Уште при предлогот за донесување на законот, дел од пратениците на Реформските сили ЈТП укажуваат на штетните последици на овој закон и се залагаа за соодветни решенија што придонесоа за како да кажам, избегнување на одредени негативни последици од примената на овој Закон, а при тоа да не се отскокнува од политиката во рамките на Антиинфлационата програма на самата Влада.

Ме радува што после извесно време од примената на овој закон се покажа дека одредени решенија не биле најдобри и штета што на овие

укажувања што на време беа презентирани, не беа тогаш прифатени. И денеска сум со убедување дека дел од одредените решенија имаат штетни последици и дека тие неминовно налагаат една ревизија или преиспитување на овој Закон.

Кога ова го зборувам не мислам дали овој Закон ќе биде предложен од една или друга политичка партија. Напротив, треба да се погледне суштината што во себе носи, бидејќи маркетиншките позиции или настапување набрзо донесуваат спротивни ефекти што нашиот граѓанин или нашето стопанство можат многу брзо да ги обелоденат.

Иронијата да биде до толку поголема што овој Закон што остана како решение се предвидува при патување на одредени официјални делегации од Владата и Собранието да бидат изземени, а во одредени случаи кои животот ги бара ние не најдовме за сходно таквите решенија да ги модифицираме односно надополниме, со цел несаканите последици да се избегнат.

На подрачјето од каде сум избран како пратеник имаше многу забелешки на овој Закон од повеќе структури на населението. Посебно впечатливо беше непосредното искажување за лошите последици во случај на фамилијарни проблеми, било за некои веселби или смртни случаи кога да оди фамилијата да даде почити на својот роднина ќе биде казнет со одредени давачки. Мислам дека тоа не ги даде соодветните ефекти.

Не би сакал повторно да укажувам на проблемите или пос-ледиците во делот како тие се одразуваат на стопанските активности или пак на делот на спородувањето, што тоа значи за едно подрачје технолошки и финансиски до вчера врзано или со кое тек треба да поставуваме пошироки односи, мислам дека, секако, тргнувајќи од аспектот на законските решенија, еднаквоста и слично, и тие решенија при еднаквоста имаат соодветни други содржини.

Од тие причини јас се залагам за едно аналитичко преиспитување на одредени решенија содржани во овој Закон, а за што и до сега имаше соодветни последици. Така што, практично иницијативата на колегата Стоиле во тој дел ја сфаќам како една добра намера од- редените работи што благовремено беа укажувани, сега веќе со потврдени факти дека треба да бидат надополнети.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

На почетокот на расправата по оваа точка беше искажано дека Комисијата за економска политика и развој го разгледа овој Предлог за донесување на закон за укинување на Законот за обврските за поаѓање и дека даде поддршка. Јас би сакал овде пред пратениците, заради подобро информирање дека навистина, како краен епилог на гласањето на Комисијата за економска политика беше дека се дава поддршка, меѓутоа исто така сакам да кажам дека Комисијата, како главен аргумент го прифати и тоа што го изнесе предлагачот на Законот а како аргумент користеше и тоа дека го има резултатот од ЗПК и дека е оценето како тој закон е против уставен, дека нема уставен основ за донесување на закон. Комисијата за економска политика, гледајќи од свој аспект, од стручен аспект, од економскиот дел, во делот на економската и развојна политика не даде поддршка на Предлогот за укинување на овој закон.

Од тој аспект, пред да дојдеме во ситуација да се изјаснуваме дали да се донесе овој предлог или не сакам да добиеме прецизен и точен одговор дали навистина овој закон е проти уставен или не е за да можеме подоцна во изјаснувањето да имаме навистина сознанија. Ценам и убеден сум дека ниту еден од пратениците не се подготвени свесно да го кршат Уставот на Република Македонија. Меѓутоа, до колку тоа не е така, во тој

случај, ако тој закон треба да се гледа исклучиво од економски аспект и од аспектот од ограничување на потрошувачката, во тој случај не би требало да му дадеме поддршка и тој Предлог на закон да. биде прифатен.

Покрај тоа што беше даден предлогот да се дадат и економ- ските ефекти, јас незнам дали е можно во овој краток период додека е на сила овој Закон и дали има согледувања за тоа, навистина би било добро тоа да го чуеме, да биде уште еден аргумент при дефинитивното одлучување дали да се прифати овој Предлог или не.

Уште еднаш повторувам лично сакам да добијам конкретно објаснување за уставноста или не уставноста на овој закон.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Сакам да потсетам на некои аргументи што беа изнесувани по однос на расправата по Законот што егзистира и по однос на овој Предлог на закон што бара да се укине тој Закон.

Тешко можат да се најдат аргументи за економската логика на^овој Закон што се предлага да се укине. Тоа беше укажано и од предлагачот по повод расправата кога се водеше на оваа седница кога се донесуваше Законот, а исто така тешко може да се најдат и спротивни аргументи и да се валоризираат тие дека овој Закон прави такви ограничувања, мислам постојниот, што доведува до негативни или би довел до негативни ефекти во Републикава.

Кога ова Собрание гласаше тој Закон да се донесе, чисто направи еден патриотски приод во подржување на таа придружна мерка на Законот и целокупната расправа што се водеше тогаш, а се отвора и денеска изгледа во склопот на вкупните мерки што се донесуваат со Антиинфлационата програма, дури зачудувачка ирационалност во однос на трошењето време во овој Парламент. Ако нешто посебно требаше тогаш да се дискутира и да се расправа во ова Собрание со посебно внимание, што

за жал целиот пакет помина без соодветна  расправа, барем адекватна на овие парламентарни клупи, исклучиво се расправаше само по овој Закон. И сега се отвора таква расправа. Тоа зборува дека по однос на приодот на овој Закон се приоѓа од погрешни стојалишта.

Денеска слушнавме неколку дискусии што имаат политички приод во однос на егзистирањето на овој Закон и само од тој аспект се обидува да се девалвира и тој Закон да се стави вон сила. Според мене не држат аргументациите и секакво вадење на овие аргументации за еднакво растојание, еквидистанца од околината што не опкружува, правдајќи дека овој Закон тој принцип го нарушува, мислам дека не држат, затоа што Законот само во таа корелација може да се постави и е нужно да се почитуваат и квалитетот на економските врски со посебните субјекти на опкружувањето што ги имаме до сега.

Се работи за мерка која е временска, по оценка на Собранието е за состојби што ги имаме во Републиката и може во секој момент да биде дапласирана, скината итн., но дека во сегашниов економски момент е многу нужна пред се од психолошкиот карактер на граѓаните во Републикава, да влијае и да се укаже на граѓаните дека е нужно да се воздржуваат од прекумерни или поголема потрошувачка особено за дел на девизните средства што ги имаа во своите перници, оние што ги имаат.

Второ прашање што овде се изнесува како аргумент е политичкиот приод што се вади од Уставот дека се нарушува рамноправноста на граѓаните, нивната еднаквост пред законот, се ограничуваат слободите и правата на правата на граѓаните гарантирани со Уставот, што во една нормална ситуација, во една нормална состојба во Републиката и те како би држал тој аргумент да се доведат состојбите до перфекција, фактички состојбите во Републиката да се  усогласат нормативно одеднаш со сите

барања што ги имаат уставните норми. Но, во ваква, овде некој спомнуваше вонредна состојба јас вонредна ја сфаќам не во уставните одредби бидејќи Уставот зборува за вонредна состојба исклучиво поради елементарни непогоди, но овде се работи за вонредна состојба, вонредна онаква во каква што сме. Вонредна економска и животна состојба за која е нужно граѓаните да покажат одредена патриотска свест.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Чувството за таквиот домен на Законот што треба да го третираме во свеста, мислам дека не е присутен, пред се, кај пратениците, а камо ли кај граѓаните. Нужноста и целта тоа беше тоа чувство да се вгради кај граѓаните со ваквото законско решение, но еве ние не сме стигнале подалеку од овие собраниски клупи. Во таа смисла јас нема да го поддржам овој закон и веднаш да кажам на Законодавно - правната комисија известителот Панчо Минов, кажа дека ги прифатија тие аргументи на предлагачот, јас не се согласив ни таму, а исто кажувам дека и овде нема да го поддржам.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Мислам дека прво оваа практика, Собранието да работи во присуство само во случајот на два министри, треба да ја напуштиме и на овој пример покажува дека ние и не можеме да водиме прав парламентарен дијалог со Владата токму на примерот од ова. Треба да одвоиме што е интенцијата на предлагачот, односно дали Предлогот се темели само на оспорувањето со Устав загарантираното право на слободно движење и одење во странство, или пак се работи за една ревизија на делот од антиинфлационата програма каде што овој Закон беше во пакетот на закони за таа работа. Ако тоа го раздвоиме а тоа право го имаме, да го направиме по основ на тоа што Собранието е надлежно да ги толкува законите, тогаш ќе биде многу појасно дали воопшто волкава расправа е потребно. Меѓутоа, треба да се знае, ако останеме на членот 27, на кој се повикува пратеникот во Предлогот за закон, тогаш Владата, ќе мора во постапка сите девизи да се

вратат кои по овој основ се земени, бидејќи овој закон всушност ќе биде укинат како неуставен. Во таа смисла мислам дека расправата без присуство на министерот за право- судство е неодговорен чин на министерот за правосудство, што не е присутен во овој момент, бидејќи овој закон на ваков начин предложен, врзан за слободите и правата е од неговата област и мислам треба да понесе критика и одговорност.

Мислам дека членот 27, на начин каков што предлагачот го толкува правото на слободно движење, не може да се поистовети со позитивните прописи, кои врз основа на Уставот Собранието ги има носено, вклучувајќи ја оваа одредба, како една од фискалните мерки што беше воведено 3 0 марки за излегуваше од границата. Бидејќи поширокото толкување, што веројатно треба да уследи од Комисијата за законодавство, треба да оди на линија на членот 33, каде што се вели дека граѓаните се должни да ги плаќаат даноците и да ги подмируваат јавните давачки. Према тоа, прво тука треба да го лоцираме проблемот околу основаноста на овој закон иако тоа прво го расчистиме, понатаму мислам дека влегуваме во делот за инфлационата програма и тоа што го изгласавме и во таа смисла мислам дека расправата поинаку би требала да се води и во друго присуство.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Мислам дека се сеќавате, затоа што не беше така одамна дека како пратеник го искористив правото да објаснам зошто не гласав, токму за овој закон за воведување на обврската за плаќање при патување во странство. Притоа, јавно упатив прашање од оваа оворница и сметав дека тоа ќе биде

доволна провокација, министерот за односи со странство да реагира. Имено, прашав зошто министерството за односи со странство, не реагира на една одлука во Собранието кое што не може, а да не биде во близина на надворешната политика што Република Македонија ја води, особено во делот на политиката спрема соседите,

Аргументацијата против Предлогот на Стоиле Стојков е во две насоки. Една е сака да се докаже дека функционирањето на досегашниот закон го оправдува мотивот дека тој е доволен дека е во функција на антиинфлационата програма, а притоа не чувме ни еден аргумент, ниту за колкави средства се тие, ниту проценки, колку може да донесат како елементно смирување на инфлацијата во Република Македонија.

Исто така, во однос на ова прво тврдење се укажа на тоа дека сите претходни елементи покажувале дека Република Македонија во размената со соседите, најголем процент, што јас не го оспорувам тоа дека така порано било, било со Република Србија. Но притоа не се зема објективно новата ситуација на блокираност, токму наметната од северниот сосед и во однос на развојот на политичката состојба во овој регион кој што воопшто не оди во таа насока да може да служи како аргументација за перспективноста воопшто на тие односи. Притоа, не сакаме заради некои политички предрасуди да прифатиме дека не само е неопходно, кога се наоѓаме во блокада од една страна и самите да бараме нови пазари, туку дека тоа е при- родно, дека сакаме да имаме подеднакво добри односи и пазари на сите страни каде што може тоа да се овозможи за Република Македонија. Затоа, не прифаќам и сметам дека е слаб аргумент тие што

тврдат дека со прифаќањето на овој предлог за прекратување на важето за законот за обврската за плаќање при патуваше во странство дека ќе се наруши нешто во тој однос околу антиинфлационата програма.

Второ, она што јас сметам- дека треба да го земеме денес предвид, а тоа е овој предлог, односно и самиот закон претходно во функција на политиката што Република Македонија ги води спрема соседите. Мислам дека ниту имавме шанса да расправаме кога се донесе тој закон, ниту на друг начин некој побара подоцна да добие покритие за таквата политика, кое што не е еднаква спрема соседите и која што за жал и овој процес на осамостојуваше и очекување на дејуре признавање и те како би делувало афирмативно за македонската политика, доколку се држиме до тие принципи што инаку ги декларираме овдека во Собранието на Република Македонија. Затоа сметам дека овој предлог треба да се усвои, но доколку произлезе друга аргументација, за која што немаме прилика во стопанскиот дел да чуеме доволно јака аргументација да не убеди дека сепак постојат можности за егзистирање на овој закон, да се придонесе во антиинфлационите процеси, тогаш мора да биде прифатено дека овој закон мора да важи према сите соседи на Република Македонија, заради тоа што обратното ќе докаже дека во Македонија она што се зборува меѓу граѓаните и што постои сомневање, кое што секому сме склони да го прифатиме, затоа што не можеме да навлезе- ме со сериозност во сите тие процеси што се навистина сложени да го дефинираме дека во сферата на политичките шпекулации, но тогаш во Собранието ќе докажеме дека се водат политички игри во Република Македонија, за кои што не сме спремни во една парламентарна демократија, што сакаме да веруваме дека ќе се воспостави во Република Македонија, да разговараме каде што и е местото за верификација на таквите политички потези.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници,

Без разлика од кого се предлага и кој се предомислил во гласањето, не треба да навлегуваме во тоа, ние треба да го искажеме нашето мислење, а јас мислам дека треба да се укине плаќањето на тие 30 марки. Зошто го велам ова, Ова е еден добар пример, поучен пример дека некое законско решение кое имплицира незадоволство кај граѓаните, не го прифаќаат граѓаните како такво тоа значи дека треба да се покрене иницијатива за да се промени такво едно законско решение. Јас мислам дека после месец ипол или два месеца, ако се покренува ваква иницијатива, зошто сега да одиме на такви превирања, кој го поднесува, зошто го поднесува. Јас мислам најдобро тоа го проценуваат самите граѓани, иако можеби и тогаш знаевме дека нема да се прифати, сепак го искористивме тоа од тој пакет мерки, граѓаните кажаа по се изгледа дека не се согласуваат со такви мерки. Меѓутоа, зачудува тоа што во некои искажувања тука некои се за укинување на едно такво решение, затоа што не се при- менува кон сите други републики, соседни итн.

Јас мислам дека треба да се менува само затоа што граѓаните тоа не го сакаат, а дали кога веќе Македонија се определи со отворени граници да биде со сите земји, тука нема да разликуваме дали е некоја Република Албанија, Република Грција, Република Бугарија, Република Србија или Република Косово, се за нас е исто. Ние сме отворена република. Ние денеска како што гледате по втор пат веќе го пробушивме пакетот на тие мерки, односно програмата. Меѓутоа, знаеме исто така сите дека антиинфлационите програми сегаш и така завршуваат. Ќе почне едно пробушување, денеска веќе со еден закон почна, па еве сега со едно

законско решение, затоа што такви антиинфлациони програми не издржуваат никогаш. А тоа што сме ние како Република и бевме приморани и сме приморани да имаме една антиинфлациона програма, тоа јас мислам дека и Владата од ќејф не го направи тогаш, затоа што знаеме дека се наоѓаме во една пат позиција кога ние сакаме да бидеме отворена Република, меѓутоа кај нашиве соседи го имаме спротивното. Други некои не сакаат да бидат отворени. Меѓутоа, јас мислам треба да издржиме една таква политика, каква што сме ја почнале.

И на крајот, јас мислам дека за месец ипол, два собрани се малку девизи денеска да гласаме да се укине ова законско решение.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Јас свесен сум дека Извештајот од Комисијата за економска политика и развој е прочитан од сите вас и верувам дека секој знае дека Комисијата за економска политика и развој го поддржаа предлогот на колегата Стоиле Стојков и поради фактот што и ние се залагаме Македонија да биде отворена, како што и сме декларирани, и да се остварат правата на граѓаните и се друго но пред се, доминира убедувањето дека остварувањето на антиинфлационата програма не може да се замисли со затворање, без контакти, деловни со партнери од соседните и другите земји. Инаку да потсетам дека ние со антиинфлационата програма зацртавме дека таа ќе се оствари доколку се оствари зголемено производство, зголемен извоз меѓу другото потоа по пат на спроведување порестриктивно монетарно кредитна политика, соодветна политика на доход, на лични доходи и конечно со адекватна даночна политика. Тие мислам стојат и затоа и ние се согласивме тогаш кога

расправавме за пакетот на прилози кон антиинфлационата програма, меѓутоа, повторно подвлекуваме и се во врска со Предлогот да се укине таксата за патување во странство, со единствена цел тргнувајќи од фактот дека користа би била поголема, доколку се интензивираат деловните односи со партнерите а ваквата мерка да кажам дека во некоја мера ги ограничува можностите, не само за патување со приватни цели, туку за патување за воспоставување нови деловни односи, за проширување на односите, и со други зборови, како што тука убаво беше речено, за истражување на нови пазари, толку нужни во сегашниот момент, а и со цел остварување на антиинфлационата програма. Затоа и доминираше и мислењето и моето залагање ние да се откажуваме од еден мал извор на девизни средства за Македонија, со цел вложување за големи приливи на девизни средства во еден нареден период. Зашто да се разбереме, свесни сме дека секој од нас е патриот на свој начин, меѓутоа, патриотизмот јас мислам дека не може да се потврди преку плаќање на такси, патриотизмот има други начини и форми. Економската логика со таксите мислам неспоива е. Заради тоа, моето лично мислење е, заради тоа излегов и да ги подвлечам некои работи, е за тоа ние сепак да останеме како отворена земја, демократска, особено со можност на нашите граѓани да им пружиме шанса да истражуваат можности и со тоа да обезбедат преку други начини и надоместување на она што би се обезбедило преку овие девизни такси а и обезбедување на подолгорочни можности за доаѓање на толку потребните девизни средства, со цел остварување и на можности за увоз, а и на антиинфлационата програма во конечната смисла на зборот. Затоа, сум за тоа, ние да се откажеме од оваа мала такса, со цел да обезбедиме подобра иднина.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Прво би сакал да дадам едно мало појаснување, за што сметам дека неколку пратеници веќе ја доведуваат можеби јавноста а и останатите пратеници во заблуда. Ние немаме закон за укинување на Законот за воедуваше на такси. Имаме закон за престанок на важење. Пропис и закон може да укине и да поништи само уставниот суди по тој основ, ако го укине или поништи, се знае се знае каква е постапката граѓаните да можат пред надлежните судови да бараат заштита на правата, кој што им биле повредени со законот или прописот кој е укинат или поништен. Што значи донесувањето закон за престанок на важноста, не значи автоматски право на граѓаните да можат оние граѓани кои досега платиле припишана такса со закон за патување во странство надлежните државни органи да им ја вратат.

Не сакам да се правдам дека не бев свесен, или дека бев доведен во заблуда за што гласам кога го донесовме законот.

Тогаш гласав сосема свесен за донесувањето на законот и бев лично убеден дека е уставен, затоа што дали е уставен или не, во пропишана постапка на крајот на краиштата, ќе може да процени, независно од личните убедувања и на нас пратениците, Уставниот суд на Македонија.

Меѓутоа, сакам да укажам на следното: Ако е во прашање девизниот ефект ќе дадам само две мои согледувања, заради што лично денес сум убеден дека треба да гласам за престанок на важноста на овој закон. Лично поднесов закон за изменување и дополнување на законот, кој што беше во процедура, сакајќи да се придржува и Парламентот во поглед на екведистанцата од сите соседни држави и обврската плаќање такса да се однесува према сите соседни држави а не само према 3 држави, а за

бившите југословенски републики таа обврска да не важи. Лично и кога беше донесен законот до процедурата, точката 10 од член 3 не постоеше. Министерот ја прифати условно, меѓутоа, со обврска да си остане првобитниот предлог од плаќање 50 марки. На

Собранието заради пакетот на сите мерки кој што беа предложени од Антиинфлационата програма, ние сите гласавме и за донесувањето на овој закон. Меѓутоа, сметам лично дека на овој начин и тогаш бев во мала дилема, дека сепак е направена повреда на основното начело на надворешната политика на Македонија за еквидистанца на сите соседни држави. И ако продолжи и понатаму обврската за плаќање средства за патување во странство, само према соседните земји, Албанија, Бугарија и Грција, а ослободувањето се применува само према Србија и останатите бивши југословенски републики, сега самостојни држави, дека се повредува основното начело на надворешната политика на Македонија и нејзината позиција на Балканот.

При посета на Царинарницата во Гевгелија, дојдов до сознание дека навистина законот може да престане, со оглед на тоа дека компензацијата за девизниот ефект кој што ја предизвикува законот, може да биде надоместена со други мерки. Затоа ги прифатив амандманите на пратеникот Панчо Минов со кој што насловот на законот од изменување и дополнување се промени во законот за престанок на важноста, со што и пратеникот Стоиле Стојков поднесе исто таков закон кој денес е во процедура и на дневен ред.

Еве кој се моите забелешки:компензацијата за девизниот ефект кој согледувања ги добивме при посетата на Царинарницата во Гевгелија, јас

верувам дека е сепак и на другите гранични премини. Сеуште царинската управа на Македонија располага и кореспондира со странските и печатите и штембилите на поранешната СФРЈ. Транзитниот сообраќај се уште склучен во билатералните спогодби помеѓу поранешната СФРЈ и конкретно соседна Грација се одвива со дозволите кои што ги има склучено Грција со СФРЈ и преминуваат транзитно како да сме дел од територијата на СФРЈ. Јас му кажав и на министерот за овие мои забелешки, меѓутоа, промени се уште не се извршени.

ПЕТТА ТОЧКА

НАЦРТ НА ДЕЛОВНИКОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

- Нацртот на Деловникот, извештаите на работните тела на Собранието, Мислењето на Владата на Република Македонија и забелешките на пратениците Тодор Петров и Кирил Ковачевски Ви се доставени односно поделени.

ОТВОРАМ ПРЕТРЕС

- Молам,кој бара збор?

- Има збор Јордан Бошков

- Дали некој друг бара збор?

- Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот

**ЗАКЛУЧОК:**

1. Собранието го усвојува Нацртот на Деловникот на Собранието на Република Македонија.

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Комисијата за деловнички прашања да подготви и на Собранието да му достави Предлог на Деловник на Собранието на Република Македонија при што да ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на Комисиите на Собранието и забелешките на пратениците Тодор Петров и Кирил Ковачевски како и Мислењето на Владата на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на комисиите, забелешките на пратениците и Мислешево на Владата да се достави до Комисијата за деловнички прашања на Собрани-ето на Република Македонија.

- Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака

- Дали има некој против

- Дали некој се воздржува од гласање?

- За предложениот заклучок гласаа ______пратеници, против гласаа  1 пратеници, а од гласањето се воздржаа 2 пратеници.

- Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА

ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА РАТИФИКАЦИЈА НА СПОГОДБАТА МЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИПЛОМАТСКИ ОДНОСИ МЕЃУ ДВЕТЕ ДРЖАВИ, СО Предлог на закон

- Предлогот за донесуваwе на законот, со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство и Законодавно - правната комисија, Ви се доставени, односно поделени.

ОТВОРАМ ПРЕТРЕС ПО ПРЕДЛОГОТ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН

- Молам, кој бара збор?
- Има збор ________________________
- Дали некој друг бара збор ?

- Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок

- Собранието го усвојува Предлогот за донесуваше на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за воспоставување на дипломатски односи меѓу двете држави.

- Кој е за, молам да крене рака.

- Дали има некој против?

- Дали некој се воздржува од гласање?

- Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

II

- Дали Собранието го усвојува пред- логот на оваа седница да се претресе и Пред- логот на закон.

- Кој е за, молам да крене рака.

- Дали има некој против?
- Дали некој се воздржува од гласање?
- Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

III

ОТВОРАМ ОПШТ ПРЕТРЕС ПО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

- Молам, кој бара збор?
- Има збор
- Дали некој друг бара з бор?
- Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

IV

ОТВОРАМ ПРЕТРЕС ПО ТЕКСТОТ НА ПРЕД- ЛОГОТ НА ЗАКОН.

- Молам, кој бара збор?
- Има збор .
- Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.
- Кој е за, молам да крене рака.
- Дали има некој против?
- Дали некој се воздржува од гласање?
- За Предлогот на законот гласаа пратеници, против гласаа пратеници, а од гласањето се воздржаа пратеници.
- Констатирам дека Собранието го до- несе Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Република Хрватска за воспоставување на дипломатски односи меѓу двете држави.

ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА

ПРЕДЛОГ ЗА ДОНЕСУВА&Е НА ЗАКОН ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖНОСТА НА ЗАКОНОТ ЗА ВОВЕДУВА&Е ОБВРСКА ЗА ПЛАЌА&Е ПРИ ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО СО ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН.

- Предлозите за донесување на законот, со предлозите на законот поднесени од пратениците Стоиле Стојков и Тодор Петров и извештаите на Комисијата

за финансирање и буџет и Законодавно- правната комисија Ви се доставени односно по- делени.

- Комисијата за финансирање и буџет го разгледа овој закон заедно со мислењето на Владата и предлага Собрани- ето да не го усвои Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон од причините содржани во Извештајот на Комисијата.

ОТВОРАМ ПРЕТРЕС ПО ПРЕДЛОГОТ НА КОМИСИЈАТА.

- Молам, кој бара збор?

- Има збор

- Дали некој друг бара збор?

- Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

- Кој е за предлогот на Комисијата молам, да крене рака.

- Дали има некој против?

- Дали некој се воздржува од гласање?

- Констатирам дека предлогот на Комисијата е (не е) усвоен.

см

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (Продолжение).

Плаќањето на таксата што овие камиони, тешки возила транзитно ја поминуваат Републиката, може да го замени ефектот на девизните средства што сега ги собира оваа наша држава од сопствените граѓани.

Второ, сметам дека Владата не ги преземала сите функции на самостојно функционирање на државата^Македонија. Имено, контролата на летовите сеуште не е во надлежност на Републиката, а ние знаеме дека и до вчера сојузната каса се полнеше со девизни средства заради прелетување на територијата на поранешна СФРЈ. Денес територијата на Република Македонија се прелетува од авиони, меѓутоа, ние тие ефекти од уплати за прелетување на Републиката не ги чувствуваме, бидејќи не ги ни добиваме. Тие сеуште се слеваат во касата во Белград. И од овие причини, а и заради променетите услови од резолуцијата на Советот за безбедност 757, која нормално ја нема предвид нашата антиинфлациона програма, а и ние кога ја донесовме ја немавме во предвид постапката која што ќе ја покрене Советот за безбедност и донесе оваа резолуција, сметам дека во моментот заради изменетите услови, пратениците во Парламентот треба да гласаат за предложениот закон, а укажувањето во поглед на транзитниот сообраќај и контролата на летовите, со што исто така Републиката може да остварува и те како добар девизен ефект на средства кои ќе ја полнат касата и буџетот на Република Македонија, треба Владата да го разгледа и соодветни мерки да го реши.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Веднаш на почетокот да кажам дека сум против донесување на овој закон што е предложен од предлагачот Стоиле Стојков, од аргументите што предлагачот ги изнесе овде и на Комисијата за финансирање и буџет не се доволно убедителни за укинување на

Законот кој го донесовме на 26 април во пакетот- на мерки за спроведување на антиинфлационата програма.

Сите вие знаете дека првобитниот текст на закон- кој беше предложен од Владата односно од ресорното министерство за финансии претрпе одредени измени и тоа по предлог на Комисијата за финансирање и буџет. Јас само би ги навел следните:

Во првобитниот текст беше предложено граѓаните да плаќаат 50 ДМ. Со амандман на Комисијата за финансирање и буџет сега е утврдено 30. Исто така со амандманот на Комисијата се ослободени сите граѓани до 18 години.

Третиот амандман се однесуваше за неплаќање за бившите југословенски републики. Ако овој пакет на мерки ние го поддржевме овде, јас немам некои додатни аргументи кои ќе ме убедат дека треба сега овој закон да го укинеме, со оглед на тоа дека на Комисијата од страна на претставникот на Владата односно Министерството за финансии бевме информирани дека за неполн месец се собрани 471.510Д Мислам дека периодот што е пред нас, доаѓаат годишни одмори, па од економска гледна точка, тука еден пратеник спомна и од психолошка гледна точка, сметам дека овој закон не треба да го укинуваме бидејќи и те како овие средства ќе бидат потребни за нашата Република. Така да до колку ги донесеме овој закон и претходниот

закон за незамрзнување на пензиите и ќе следат сигурно натаму и други барања, бидејќи од предлогот на предлагачот се рече дека не е уставно, заради нееднаквост на граѓаните. Мислам дека овој закон ги зафаќа сите граѓани во Републиката подеднакво.

Друг аргумент беше дека тој ги ограничува правата и слободите. Јас мислам дека не ги ограничува. Затоа уште еднаш ќе повторам дека сум против овој закон.

На крајот би сакал исто така овој Парламент да се огради од дискусијата на Исмет Рамадани бидејќи тој ја злоупотреби оваа говорница и кажа, меѓу другото, кога ги спомнуваше сите наши соседи ја спомна и Република Косово. Мислам овој Парламент треба да се огради од неговата дискусија бидејќи Република Косово Не е Република. Јас лично се оградувам и барам и овој Парламент да се огради од неговата дискусија.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Се извинувам што се јавувам по втор пат меѓутоа станав за да реагирам на првиот дел од излагањето на Тодор Петров.

Предлагачот од самите причини за донесување на законот навел дека овој закон е противуставен. Тој воопшто не кореспондира со сите овие дискусии, еквизистанца, не знам што друго, политички мотиви итн. Според тоа на нас како законодавно тело е прво да го извршиме толкувањето на предлогот односно дали навистина се работи за противуставен закон кој би. во важност. Ако тој бил во важност, се разбира дека по истата постапка во форма во која е предложено пресанок, ќе уследи. Меѓутоа, важноста на законот ќе престане од денот кога бил донесен. Бидејќи на граѓаните им биле одземени противуставно. Според тоа, тоа е почетниот дел каде ние треба да го утврдиме нашиот став спрема овој предлог на закон. Инаку јас

лично не сум за еквидистанца, не го разбирам тоа. Сум за репр цитет со соседите, со секој сосед билатерални односи врз принципите што ги имаме изградено во уставот и во политиката на ова Собрание и да видиме што тоа конкретно значи. Јас лично не би прифатил, затоа што до вчера го градевме егејскиот дел на Македонија покрај морето, девизите одеа таму. Сега ќе одат во Бугарија. Јас затоа јас лично не сум за овој закон. Сум за една политика која ќе биде во функција на интересите пред се во Македонија.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Само едно мало појаснуваше.

Поимот еквидистанца го инаугурира во овој Парламент претседателот на Република Македонија. Нека се погледнат стенограмите што значи еквидистанца, ако пратеникот не разбира што значи. Меѓутоа, до сега никој не ја оспорил политиката на претседателот на Република Македонија за надворешната политика на Македонија за сега да ставаме забелешки на поимот -еквидистанца.

Ако Законот го донесеме денес ќе влезе во сила 8 дена од денот на објавувањето во Службен весник, а нема да се однесува од денот кога е донесен законот, од тогаш да престанува. Тоа може ако Уставниот суд со одлука го укине, па да каже се укинува законот. Меѓутоа, и таа одлука влегува од денот на објавувањето во уставниот суд. Друго е прашањето што ако донесе укинувачка одлука граѓаните година дена ретроактивно од одлуката на Уставниот суд ќе мораат да бараат заштита на своите права со приватни граѓански тужби во надлежните органи кои им вовеле обврска за плаќање од 30 марки.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас лично не би се изјаснувал каде сакам да идат девизите од Македонија. Ќе идат таму каде по некоја економска логика треба да идат. Нс7 ако веќе зборуваме за нешто што има политички аспекти/ ова прашање е неизбежно дека мора да го политизираме, бидејќи немаше аргументација која ќе го лоцираше ова прашање во економската сфера. Напротив, најмалку има аргументација за тоа, ниту Владата е спремна таква аргументација да понуди, ниту такво нешто беше кажано во Собранието. Се работи за чиста политика и тоа надворешната политика на Република Македонија. Затоа ова е доволен симптом и еден аргумент повеќе од редица што се случуваат, а што не сакаме да ги забележиме, што објективно налагаат потреба да се преиспита целокупната надворешна политика да се провери и потврди во Парламентот на Република Македонија.

Ова прашање за односот спрема Бугарија, Србија, Грција, Албанија, така како што дневно политички се води во Република Македонија ги надминува рамките над онаа платформа што ние еднаш ја донесовме кога дисциплинирано и со полна надеж очекувавме дека во Македонија таа парламентарна демократија, ќе повторам како што кажав и пред малку, ќе заживее.

Одредени политички центри и одредени пореметувања во односите меѓу институциите на власта во Македонија се до таа степен пореметени што веќе се води политика што не може да има за себе верификација на македонскиот Парламент. Јас како пратеник не давам таква поддршка и се сомневам во сите политички потези што се однесуваат на таа сфера. Употното тврдоглаво бранење на еден закон кој така, иако ги потенцира слабостите на Македонската политика не навлегувам зошто и како,

покажува за сериозноста да седнеме и да разгтовараме за тоа прашање. И не би сакал да се случи тоа што тогаш се случи кога разговаравме прв пат кога немавме шанса да разговараме и кога темпирано во касните вечерни часови моравме да го донесеме во такви околности како што го донесовме. јас не сакам да бидам соучесник на политичка фарса во надворешната политика на Република Македонија.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Јас мислам дека резолуцијата 757 е причината да не доведе во ваква ситуација да можеме да имаме поинакво гледаше на овој закон заради прекинуваше на врските со една од соседните земји. Меѓутоа, исто така треба да имаме во вид дека резолуцијата 757 е резолуција на ОН, на еден светски центар, на еден центар кој располага и со сила, располага и со богатство. Таа резолуција ние како Република Македонија ја прифативме.

Оттука произлегува заклучок дека слободите на граѓаните на Македонија на движење на еден простор се ограничени. Сега се поставува прашање дали да се повлекуваме во целина. Мислам дека со оглед на тоа што причина за прекинот на една комуникација не е сместена во Македонија туку резолуцијата 757, не може да биде и клучна причина за изменувањето и на овој закон. Мислам дека слободите на граѓаните со овој закон не се воопшто ограничени и сите граѓани што патуваат во странство еднакво се третирани. Сите плаќаат по 30 ДМ. Според тоа тоа се граѓаните кои изразуваат волја и кои имаат можности да патуваат во странство, се третирани на еднаков начин. Во таа популација на граѓани на никого не му

се загрозени слободата и правата за патуваше во странство. Сите имаат еднакви права. Според тоа, ние не сакаме да кажеме дека сме баш и затворена Република, меѓутоа сакаме да создадеме еден правен ред во Републиката односно да кажеме дека сакаме да се определиме за владеење на правото и да создадеме еден одреден ред во патувањето во странство заради тоа што имаме и одредени хаотични состојби во таа смисла.

Ако зборуваме дали има превласт на економската логика, дали со тоа баш се прекинуваат пазарните токови таму каде што е насочено нашето стопанство, мислам дека ако оваа сума од 30 ДМ е таа кардинална причина што може да ја загрози економијата во Македонија, тогаш можеме да кажеме дека имаме многу многу слаба или никаква економија. Мислам дека ова претставува занимарлива причина за економијата и се залагам од тој аспект законот да остане

**ФАИК АБДИ:**

Немав намера да зборувам по овој предлог на законот со кој треба да се стави надвор од сила законот за плаќање при одење во странство, меѓутоа имам сознание дека оној што сака да патува ќе патува дали и за некои трговски врски, дали нешто друго е во прашање, тој се снаоѓа и тој оди. Непрестано полни автобуси и со сиромаштија и богати одат до Софија, од Софија не знам каде одат, итн. Имало немало тие се снаоѓаат и одат. Сакам да речам да не се држиме за она дека е во прашање слободата на граѓанинот. Не е тоа.

Второ прашаше е дали граѓаните на нашите соседи плаќаат нешто кога влегуваат во нашата земја.

Трето, зошто се споредуваме со Србија.

Ќе ви речам една работа. Точно е тоа дека ние треба да имаме иста политика спрема сите наши соседи, граничиме со 4 држави. Да имаме некое море ќе биде добро, ќе биде некоја петта граница, меѓутоа, еве не снајде, сите, да речам бивши републики на Југославија, некого помалку, некого повеќе несреќа тоа што се случуваше во Хрватска во Словенија и сега во Босна и Советот за безбедност на резолуцијата 757, со што се се заклучи. Ние рековме дека ја прифаќаме таа резолуција.

Вчера или завчера на радио имаше дека околу 2000 работници од Прилеп И Битола се отпуштени од работа затоа што нема пласман на стоката. Пазарот беше овде, кај комшиите во Србија. Сигурно ќе се појави некоја фабрика во некој град која ќе отпушти работници. Тоа е вистината. Од тоа не може да се бега. Меѓутоа, дали тоа ќе биде во бескрај. Сигурно во бескрај не може да биде. Веројатно еден ден Србија, односно Милошевиќ ќе наведне глава л ќе се предаде или пак ќе дојдат, не знам како да речам свети арангелите ќе дојдат и Белград ќе дојде на удар и така ќе создадеме мир. Можеби и тоа ќе биде, не се знае. Но да кажам околу законот.

Ако ние денес на оваа седница направивме една работа, за мене не е тоа грешка, ги израдувавме пензионерите и веројатно на тој износ од три милијарди се мислеше нешто или како извор или како трошок. И сега се откажуваме од некои, па дури предлог има да има повратно дејство. Не знам јас од "Радио Милева" слушам некаде 500 или 600 илјади марки се во прашање. Не сум сигурен во таа бројка меѓутоа тука е некаде и сега

враќање на тие средства односно на постоење на таков закон, тоа е голема работа. Тоа може да значи пак да се вратиме на инфлацијата.

Јас го почитувам тоа што ние мораме да работиме, мораме со поголема продуктивност и економичност да ги користевме капацитетите. Се тоа го прифаќам. Тоа е економија. Меѓутоа, во овој момент на нас тие средства ни се добро дојдени.

**ФАИК АБДИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

На крајот на краиштата тие средства ги плаќаме пак ние граѓаните, пак на наш товар се, пак на грбот ни се. Тие што се приватни стопанственици одат, плаќаат, купуваат, донесуваат роба, тој профит си обезбедува обавезно, значи пак ние граѓаните плаќаме. Се оди во круг, па според тоа не сум овој закон да не се применува. Јас сум да се примени овој закон, да видиме до кога, кога ќе настанат услови за нешто подобро, за едно подобро живеење и мислам дека не е во прашање нашата надворешна политика. Секоја земја, во рамките на своите можности, за подобрување на економијата може да донесе разни мерки за што оценува државата дека се нарушуваат тековите на општествената репродукција. Впрочем, тука е и она дека ни требаат луѓе, дека треба во овој момент малку помалку да патуваат, корисно, некорисно итн. Нема смисла да зборувам овде што се се прави со тие патувања, мислам дека на сите им е јасно.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Знам дека трпението е при крај и затоа сосема кратко ќе кажам. Се разбира дека секој има право слободно да го изразува своето мислење и тоа негово право е неприкосновено. Меѓутоа, да се користи поводот, а тоа е предлог за донесување на еден закон, да се даваат квалификации за политиката и надворешната политика и притоа да се тврди дека луѓето што ја водат надворешната политика не уживаат поддршка на ова Собрание, а член на ова Собрание сум и јас, најдов за сходно да кажам дека јас ова мислење не го делам и напротив, на сите тие што ја водат надворешната политика на Македонија им давам полна поддршка и не се согласувам со такви дисквалификации.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека министерот требаше досега да даде одговор дали стариот Закон има уставен основ или не

Ако го погледнете членот 27, став 1 кажува дека секој граѓанин на Република Македонија има право слободно да се движи на територијата на Републиката и слободно да го избира местото на своето живеење.

Ставот 2 - секој граѓанин има право да ја напушти територијата на Републиката и да се врати во Републиката.

Тоа право треба да биде остварливо. Бидејќи Уставот не се применува, тој може да се применува само со донесување на закон а законот за да некој има право треба да има и обврски.

Од друга страна, ако го погледнеме членот 33 тој кажува дека секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расправи на начин утврден со закон тоа значи дека стариот закон според мене има уставен основ. А друго е прашањето и волјата на ова Собрание дали тој закон како што предлага господинот Стоиле Стојков да престане да важи овој закон.

Сега настануваат проблеми во ретроактивното важење на законот. Ако го погледнете членот 1, престанува важноста на законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство, со овој закон ниту може да има ретроактивно важење ниту може вака како што е конципиран да има ретроактивно важење. Со престанувањето на важноста на овој закон, тоа значи дека законот повеќе нема да се применува, а не може да има ретроактивно важење.

Доколку граѓаните сметаат дека стариот закон објавен во "Службен весник" број 26 од 1992 година бил неуставен, согласно член 50, став 1 секој има право да поведе постапка пред Уставниот суд на Република

Македонија, а Уставниот суд согласно член 112 од Уставот да утврди дали законот ќе биде укинат или законот ќе биде поништен. Сега бидејќи нашиот Устав не прави многу разлика ме- гу укинувањето или поништувањето на законот, а правната теорија прави разлика затоа што овде станува збор за екстунк и екснунк. Уставниот суд ќе го укине законот, тогаш овој закон не ги укинува и правните последици на самиот закон кој ги произвел во времето на сопственото важење, а ако го поништи Уставниот закон овој закон ка- ко незаконит и неуставен закон тогаш граѓаните имаат право како граѓани со сопствена тужба да го остваруваат своето право. Мислам дека овде нема ништо нејасно во врска со примената на Уставот и уставниот основ на законот. Оттука само предлагам и мое мислење е Собранието со слободно изразена волја, со кревање на рака, да одлучи дали ќе го укине овој закон или овој закон ќе остане во правна сила.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Јас настапив овде во својство на известител на Законодавно - правната комисија, во која е член и претходниот дискутант и ми лам дека заради сериозноста на Комисијата треба да има извесно оправдување ако член на Комисијата еволуирал во меѓувреме во своите правни сфаќања. Инаку, Комисијата токму тоа го гледа, нејзиниот управен основ и точно е тоа, во отсуство на девизен пазари при немаше на девизи во крајна инстанца не може секој да го оствари тоа право на слободно напуштање и враќање на територијата на Република Македонија и членот 12 кој зборува за слободата како неприкосновено право што со овој начин се нарушува. Како уставен основ во однос на рамноправноста и еднаквоста на граѓаните беше разгледувано и беше став на Комисијата, тоа го презентирав, а другите причини што се од аспект на регулираност, има нерамноправност и

во однос на  тоа дека напуштање на територија спрема одредени држави без обврска на плаќање и напуштање со обврска за плаќање исто така го ценеше Комисијата од аспект на еднаквост и рамноправност на граѓаните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, господинот министер треба да објасни за се ова што беше упатено како ефекти од законот уставен основ, дали е врзан за надворешната политика или само за инфлационата намера итн., односно за се што беше спомнувано.

**МЕТОДИЈА ТОШЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, за Владата како што истакнавме при неговото донесување и после при рас- правата по предлогот на пратеникот Тодор Петров, законот има уставен основ. Републиката може да воведува мерки за попречување на економските растројства, а девизниот одлив во перманентен девизен дефицит не е ништо друго туку дел од потенцијалните растројства во стопанството. Републиката може да воведува даноци, такси и други давачки, што со овој закон и се прави.

Од кој аспект ќе го гледаме законот е објаснето уште во образложението кога беше неговото донесуваше. Јас ќе изнесам само некои од тие аспекти.

Прашањето на еквидистанца е прашање на оценка и таа може да се направи во секое време. Во врска со дискусијата, законот не го ограничува ниту го одзема правото за слободно движење на граѓаните, кои во тој поглед се рамноправни. Никаде во тој и во друг закон што го предложила Владата досега не стои забрана, неможност граѓаните слободно да се движат и да ги користат своите граѓански на Владата и она што беше

дефинитивен текст, решение на законот се формира овде и сметам во името на Владата, да повторам уште еднаш, Владата не го прифаќа предложениот закон.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас само би ги потсетил пратениците на членот 62, став 3 од Уставот на Република Македонија, каде стои дека пратеникот ги претставува граѓаните и одлучува по свое уверување.

Тука беше спомнат членот 33 од Уставот на Република Македонија кој се однесува за јавните давачки и даноците, па да не навлегувам во тие расправи би потсетил дека сите граѓани во Република Македонија не плаќаат даноци, имаме граѓани кои се ослободени од даноци.

Би се запрашал, по основ на овој закон, кој сеуште е во важност за плаќање 30 марки, ако некој граѓанин - ќе земам пример - сака пешки или со велосипед да ја помине соодветната граница, нема 30 марки, дали на граничниот премин ќе му биде дозволено без да плати 30 марки да помине, кога знаеме, се повикуваме на членот 33 итн. Имаме граѓани во Република Македонија кои не плаќаат ни јавни давачки ниту даноци, ослободени се по разни основи, примаат социјална помош итн.

Јас реков според членот 62 од Уставот секој граѓанин ги претставува граѓаните, така стои и одлучува по свое уверување.

Јас би кажал тука исто така дека Владата писмено по однос на мојот предлог за донесување на овој закон, со Предлог на закон се изјасни двапати, каде првиот пат не напомна по кој основ го одбива предлогот, а по вториот основ се изјасни затоа што тој закон е дел од Антиинфлационата програма, без да спомне нешто околу мои- те забелешки дали е уставен, неуставен итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и го ставам на изјаснување Предлогот за донесување на закон за престанок на важноста на законот.

Кој е за, молам да крене рака

Триесет и четири пратеници гласаа за овој закон

Според тоа, констатирам дека законот не е донесен

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:** (ОД МЕСТО)

Поединечно секој пратеник да гласа. Сигурно гласаа повеќе од 34 пратеници

**СТОЈАН АНДОВ:**

Изброивме доволно добро, но ако сакате можеме да гласаме

Дали некој бара збор? (Никој).

Констатирам дека завршивме

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ**: (ОД МЕСТО)

Имаше предлог за поединечно гласање

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлози овде се даваат. Јас прашав дали некој бара збор.

Збор бара господинот Горан Зафировски.

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, се сомневам во гласањето и барам поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Формално треба да најдеме 10 пратеници кои ќе бидат за поединечно гласање.

Кој е за поединечно гласање, молам да крене рака.

За поединечно гласање се изјаснија повеќе од 11 пратеници.

Го молам господинот Тодоровски да обезбеди поединечно гласање и да се прочита секој пратеник за да гласа.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**: (ОД МЕСТО)

Да се преброи колку пратеници се присутни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има повеќе од 61 пратеник, а мене ми се потребни 40.

(Живко Тодоровски врши прозивка).

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | отсутен |
| 3. ХАМИД АЛИУ | за |
| 4. ЕШРЕФ АЛИДИ | за |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | отсутен |
| 7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 8. ТИМЕ АНДОНОВ | отсутен |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ДУШКО АРСОВСКИ | отсутен |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | отсутен |
| 14. ЈОРДАН БОШКОВ | воздржан |
| 15. ГОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 16. | |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | против |
| 18. ПЕТАР ГОШЕВ | против |
| 19. ТУШЕ ГОШЕВ | против |
| 20. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | за |
| 21. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | отсутен |
| 22. САНДЕ ДАВЧЕВ | отсутен |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | отсутен |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. РАТКА ДИМИТРОВА | воздржан |
| 27. ПЕТАР ГОРГИЕВ | против |
| 28. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 29. ДУШКО ГОРГЕСКИ | отсутен |
| 30. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 31. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | против |
| 32. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 33. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 34. ВАСИЛ ЗИМЕАКОВ | против |
| 35. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | отсутен |
| 36. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | за |
| 37. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | отсутен |
| 38. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | отсутен |
| 39. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | отсутен |
| 40. ИВАН ИВАНОВ | отсутен |
| 41. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ | отсутен |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЈОВАНОВ | против |
| 44. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | за |
| 45. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | отсутен |
| 46. ТАШКО КИРОВ | за |
| 47. ЗОРАН КИТЕВ | отсутен |
| 48. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | отсутен |
| 49. ГОРГИ КОТЕВСКИ | отсутен |
| 50. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 51. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | воздржан |
| 52. НИКОЛА КРСТЕСКИ | против |
| 53. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | отсутна |
| 54. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 55. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 56. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | отсутен |
| 57. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | за |
| 58. ЕФТИМ МАНЕВ | отсутен |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 61. МАРИН МИЛЕНКОСКИ | против |
| 62. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | отсутен |
| 63. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | отсутен |
| 64. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | отсутен |
| 65. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 66. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |
| 67. НАИФ МУСТАФА | за |
| 68. СИМОВ НАУМОВСКИ | воздржан |
| 69. ПАНЧЕ НАСЕВ | отсутен |
| 70. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | отсутен |

| | |
|---|---|
| 71 . БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | за |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | отсутен |
| 73. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | отсутен |
| 75. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | против |
| 76. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | отсутен |
| 77. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 78. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 79. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 80. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | отсутен |
| 81. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 82. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. ИСМЕТ РАМАДАНИ | за |
| 85. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | отсутен |
| 86. НЕИМ САЛМАНИ | за |
| 87. ФЕРИД САДИКУ | за |
| 88. АСЛАН СЕЛМАНИ | за |
| 89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | отсутен |
| 90. АЦО СПИРОСКИ | отсутен |
| 91. РИСТО СТАНКОВСКИ | отсутен |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 97. РИСТО СТАМЕНОВ | отсутен |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | за |
| 101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | отсутен |
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | против |
| 103. БЛАГОЈ ТОШЕВ | отсутен |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | отсутен |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | отсутен |
| 106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | отсутен |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 110. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | отсутен |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 112. СЕФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 113. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ | отсутен |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | отсутен |
| 115. БРАНКО ЦРВЕККОВСКИ | против |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | отсутен |
| 118. ВЕБИ ЦЕМАИЛИ | за |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | против |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | отсутен |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам пребројте колку вкупно гласале и колку гласале за колку против.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

Вкупно гласале 7 3 пратен^ка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дајте го резултатот

"За гласале 41 пратеник

"Против" гласале 27 пратеника

4 пратеника воздржани

(Аплауз)

Сега ја прекинуваме седницата, а утре ќе соопштиме кога ќе продолжиме

Констатирам дека Предлогот за донесување на закон е усвоен, а законот не е донесен. За тоа ќе расправа кога ќе продолжиме со седницата.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот).